СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 март 1998 година

Скопје, март 1998 година

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 86 -та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 18.МАРТ 1998 г.**

Дискутанти :

1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 21, 75, 95
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 41, 64
3. АБДИ ФАИК - 45, 49
4. ВИДИМЧЕ КИРЕ – 83
5. ГЕОРГИЕВ ДРАГАН - 23
6. ДОКУЗОВСКИ КИРО - 3, 5,6,8,9,12,14,16, 22и 26
7. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 90, 91, 92
8. МАРКОВСКИ РИСТО – 38
9. МИНОВ ПАНЧО - 1о,11,13,15,17,19,30
10. НИКОЛОВ ЈОВАН - 34, 36, 58, 61
11. НАУМОВСКИ ВАНЕ – 43
12. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1.. ( води седн.)
13. ПРУСИ АБДУРАУФ - 36,42,48
14. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА - 51, 54, 61
15. РАМАДАНИ САЛИ – 86
16. РАМАДАНИ ИСМЕТ – 73
17. СТРЕЗОВСКИ ЃОРЃИ - 97( прозива )
18. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ – 27
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 80
20. ТРАЈКОВ МИЛЧО – 40
21. ТРАЈКОВ РИСТО – 3
22. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 6,24,30,33
23. ТАЛИМИЏИОСКИ ПЕТАР - 9,20,23,32
24. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 39,63,64
25. ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР - 93,95
26. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО – 28
27. ФИЛШОВСКИ БЛАЖЕ - 25 ( води сед.)
28. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 66,71,77,78,79
29. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 49

Дневен ред :

Точка 8-С.1 – Предл за дон.на Закон за изм.на зак.за тутун.
ТОЧКА 9-с.33- Измен. и допол. на Законот за Црвен.Крст
ТОЧКА 10,с.66- Ритор.поделба на РМ, допол.на Зак.
ТОЧКА ,11,с.79- Зак.за обезб.сред.за исплна штед.вл.на штед. на ТАТ,АЛФА-с и ЛАВЦИ -Охрид.( Стоје го повлече зак.);
ТОЧКА 12.,с.84- Ратифик.РМ- Кор.
ТОЧКА 13,с,85-Ратиф. на Макед.1 со Албанската Влада.
ТОЧКА,25, с- 89
ТОЧКА 26, с- 100
ТОЧКА 27,с- 101
ТОЧКА, 28,с- 102
ТОЧКА,29,с- 102
ТОЧКА 30,с- 103
ТОЧКА 31,с- 104
ТОЧКА 32,с- 104
ТОЧКА 33,с- 1о6
ТОЧКА 34,с-1о6
ТОЧКА 35,с-1о7
ТОЧКА 36,с-1о7
ТОЧКА 37,с- 1о8
ТОЧКА 38,с- 1о8
ТОЧКА 39,с.- 1о9
ТОЧКА 40с с-1о9
ТОЧКА 43,с- 11о
ТОЧКА 44,с -11о
ТОЧКА 45, с- 11о
ТОЧКА 46, с -111
ТОЧКА 47, с -111

- продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 март 1998 година

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 11,55 часот. Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-дин Тито Петковски претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по продолжениeто од 86-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Игнатие Богдановски, Димче Настоски, Димче Мешков, Алил Џафероски и Наум Симјановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Иако не е тука во ваше и во мое име да му го честитам роденденот на пратеникот Назми Маљичи, да му посакам добро здравје и успех во работата.

Стасавме до 8-та точка, Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за тутунот, со Предлог на законот.

Бидејќи го заклучив претресот по Предлогот За донесуваше на законот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за тутунот.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (7 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање ? (1 пратеник)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе предлогот на законот.

Кој е за, молам, да крене рака?

54 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (4 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандман за бришење на членовите 4 и 5 со кој се согласи претставникот на Владата и тоа е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман за менување на член 6 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ристо Трајков поднесе амандман на член 1 во новиот член 10-а став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Ванчо Чифлиганец, Алил Џафероски и Зоре Темелкоски поднесоа амандман на член 1 став 2 на новиот член 10-а по кој Владата не се произнела.

Пратениците Петар Талимџиоски и Славчо Чапов поднесоа амандман на член 1 став 2 на новиот член 10-а на член 3 став 1 алинеја 8 од изменетиот член 16 по кој Владата не се произнела.

I/3

Пратеникот Панчо Минов поднесе амандмани на член 3 за бришење на ставовите 2 и 3, за бришење на член 7, за додавање нов член 7-а, член 8 во новиот член 44 став 1 за додавање нова точка 3-а и на член 10 во новиот член 46-став 1 за додавање нова точка 5-а по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Драган Ѓорѓиев поднесе амандман на член 8 став 1 за додавање нова точка 11 по точката 10 по кој Владата не се произнела

Пратеникот Вељо Тантаров поднесе амандман за бришење на член 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 10-а поднесен од пратеникот Ристо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Докузовски, министер за земјоделие, шумарство и водостопанство.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа од причина што се предлага да се бара документ за сопственост, или договор за закуп, значи да ги тераме земјоделците да шетаат од шалтер на шалтер и да бараат документи, а целта на овој закон е напротив да ја олесниме постапката на земјоделците за слободно работење.

Од овие причини сметаме дека е доволно обврската според законот за претпријатието да го почитува законот и санкциите предвидени се доволно. Од тие причини сметаме дека не треба да се поддржи овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги, најчесто министерот од говорницата вели дека пратениците настапуваат маркетиншки. Сега кој настапува маркетиншки? Ако не се направи

корекција на овој дел на членот, се губи смислата на предлог измените на овој закон. Што се бара со законот? Да се стави ред во склучувањето на договорите помеѓу производителите и откупните организации. Ако секој може да склучи договор без да поседува земјиште тогаш е истата состојба што ја имаме и сега. Не ни треба тогаш Законот. Се знае, измените се либерализација на купопродажбата на производството и ставање во ред склучувањето на договорите.

Ова значи странката кога ќе отиде во Министерството за земјоделие во подрачните единици да добие картон, да докаже дека има на свое име дека поседува земјиште или договор за закуп со соодветна организација. Друго ништо. Која од странките дома нема поседовен лист со кој ќе докаже дека е сопственик на тоа земјиште. Реков, ако секој може да склучува договор од фамилијата, тогаш не е постигната целта на законот. Во меѓувреме сите производители на тутун 80% веќе имаат склучено договори од фамилијата, тогаш не е постигната целта на законот. Сега што со тој вакум. И, тие што ќе склучат договори со откупните организации при издавањето на картоните не е ни добро подрачните единици да излегуваат на лице место да одат по населените места таму да ги издаваат тие картони, тогаш ќе бидеме према земјоделците, односно према производителите добри затоа што нема да ги праќаме во подрачните единици да ги обезбедуваат тие картони, туку ќе ги добиваат на лице место во селото или во градот каде ќе биде одредено местото на склучувањето, на добивањето на овие картони.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи повеќе никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, го молам да крене рака? (34 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 на новиот член 10-а поднесен од пратениците Ванчо Чифлиганец, Алил Џафероски и Зоре Темелкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Докузовски.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

По овој член има амандмани и од други пратеници. Јас и во излагањето на минатата седница кажав дека едно од клучните прашања по кое што имаше дилеми е прашањето дали да биде семејството или да биде производите, пак во функција на ова што викаме дали целата проблематика да ја усложнуваме или упростуваме.

Не би должел бидејќи кога се мислењата поделени во Парламент има мислења во прилог на оваа, би рекол, дилема. Го прифаќам амандманот што значи дека да се однесува на еден член од семејството производител на тутун.

Го прифаќам овој амандман како што реков го имаше и од друг: истиот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 на новиот член 10-а поднесен од пратениците Петар Талимџиоски и Славчо Чапов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Докузовски.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Истиот амандман е. Го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 2 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-дин Докузовски.

**КИРО ДИКУЗОВСКИ:**

Не знам што го поведува пратеникот Тантаров да инсистира да се брише ова, но сигурно со цел да се внесе сигурност.

Со бришењето на зборовите "региони и подрегиони" законот станува јасен дека немаат никакви ограничувања по прашањата кога се деловните подрачја на претпријатијата.

Од тие причини не го прифаќаме амандманот бидејќи би значело само компliцирани на текстот. Целта е иста. Нема потреба од сигурност во закон кој што јасно кажува дека овие зборови се бришат и значи дека веќе нема никакви ограничувања по текстот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, министерот за земјоделие во врска со овој амандман зборуваше за некаква сигурност во склучувањето на договори и откупот на тутунот. Јас мислам дека ако се бришат зборовите од постојниот закон со кој што еден тутунар може да склучува договори односно да продава тутун во повеќе реони и региони ќе создава една

голема несигурност и меѓу тутунарите постои мислење дека со бришење на тие зборови во повеќе реони и региони тутунарите повторно се ставаат во еден јарем што постоеше 50 и повеќе години во производството на тутун, кога тутунските претпријатија работеа тоа што сакаа со нив.

Јас мислам дека со постоењето на овие зборови во постојниот закон, законот не се опременува и мислам дека тие зборови треба да постојат.

Јас во името на тутунарите од Битолскиот дел на Пелагонија кој што се против бришењето на овие зборови односно против тоа да 1 постои можност за договарање и откуп на тутунот од повеќе реони ■ региони барам овој член да се брише затоа што со постојниот закон се дава една сигурност. Никој од тутунарите не знае дали по сменат на министрите некој друг министер нема да ја измени оваа сигурност што г-динот Докузовски тврди дека ќе биде, дека тутунарите ќе можат да склучуваат договорите или да го продаваат тутунот во сите региони, со сето она што ќе го добијат со измената на овој закон.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 алинеја 8 од изменетиот член 16 поднесен од пратениците Петар Талимџиоски и Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Докузовски.

**КИРО Д0КУЗОВСКИ:**

Овој амандман се однесува на тоа дека претпријатијата кои што ќе бараат лиценца за вршење на дејноста условот за исполнување што треба да го имаат е тоа што предлагаат покрај тоа што пишува да обезбедат семе од овластена институција според законот да следат и зборовите "по типови и сорти и по определени реони". Навидум ако се прифати не прави ништо лошо, меѓутоа, би сакал да укажам , верувам дека пратениците ќе разберат и ќе го проследат овој амандман, тоа би значело една мала пречка бидејќи оценката за исполнети услови се прави на почетокот на кампањата и договарањето. Ако до крај вака го промениме ова тоа значи дека ние ќе треба да побараме однапред од претпријатието дека откупува доказ дека по типови и сорти во смисла на законот по региони како се предвидени да презентираат дека купиле, а тие сеуште не знаат колку и каде имаат договорено производство или тие ќе го прават додатно.

Од овие причини не го прифаќам амандманот и реков само ќе создадеме комплицирање, а самата одредба на законот од овластена институција која што дава документ за семе е доволно покритие дека ќе се заштитува, чистотата сортна по регионите бидејќи министерството само определува, знаете и типови и сорти и количини и дури кажав поднесуваат извештаи 2 пати во годината, особено на почетокот.

Од овие причини реков не го прифаќам амандманот и самите пратеници ќе разберат дека само прави компликации. Јас мислам дека ни тие сакаат ниту пак ние треба да направиме тоа да биде.

Значи, не се прифаќа, со ова образложение.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Талимиџиоски.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Ги ценам зборовите на министерот. Чинам дека навистина кога се зборува за тутунско семе е одредено бидејќи го дава конкретна институција која што се знае и која е сортата. Меѓутоа, кога се работи за сортниот состав веднаш треба да разбереме дека во поедини реони и региони имаме застапено поедини типови на тутун. На пример Струмица Радовиш, да не го спомнуваме Прилеп, каде што имаме јака, која што претставува синоним на квалитет, произведен во тој производен реон. Кога би било ова поточно во Прилеп, 12, кој што претставува синоним на квалитет и е познат насекаде во светот и кај нас тогаш токму од тука произлегува дека би требало да постои и да се прифати овој член

Молам, пратениците да го поддржат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот) го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

23 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за бришење на ставовите 2 и 3 поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-дин Докузовски.

**КИРО Д0КУЗОВСКИ:**

Бидејќи рековме дека Законот за тутун е сепак закон кој што создава прво обврски на претпријатијата, па според тоа им припаѓа и правата кои произлегуваат од овој закон.

Амандманот не се прифаќа.

I/10

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, пратеници, амандманот што е сега на расправа заедно со уште четири други амандмани се формулирана операционализација на моите консултации како пратеник на собир на тутунопроизводители од Кавадарци. Во таа функција е моето застапува по истите.

Конкретниот амандман не однесува на следното: во членот 16 кој во Предлогот на законот се менува ќе го потсетам министерот и во неговото објаснување по законот и во сегашниот настап во распра- вата по амандманот тој објаснува дека овој член 16 се брише и се предлага поинаку да гласи истиот, се однесува за условите за добивање одобрение за откуп на тутун. Измените всушност се состојат во следното: Прво, се додава еден услов, тоа е да има обезбедено просторија за откуп што досега не беше во таксативните услови во постојниот позитивен закон за тутун; има поострување на условите во делот на докажување на бонитетот за обезбедени финансиски средства на претпријатието што врши откуп на тутун, место тоа само да го докажува сега треба доказ од надлежна институција, а истото се однесува и за докажување на квалитетот на семенскиот материјал.

Тоа е во врска со условите, измената на членот 16 што предлагачите ја предлагаат.

Мојот амандман се состои во тоа да се брише ставот 2. Ставот 2 кажува дека Министерството односно министерот поблиску ќе ги одреди прописите што значи обезбедување на условот за простории за сместување и откуп на тутун, самата просторија на откуп и мерилата и влагата и песокот.

II/1 РД/ВБ

**ПАНЧО МИНОВ:** (Продолжение)

Значи, се предлага со овој закон, со подзаконски акт господинот министер, односно неговото Министерство да предвиди и други услови кои што ќе значат конкретизација на условите кои и досега беа за одобрување на откуп на тутун. Тоа само ја зголемува администрацијата и ја зголемува улогата и надлежностите на државен орган во делот на овозможувањето на доделување одобрение за откуп на тутун.

Овој амандман ние од принципиелен карактер, значи, наместо постојното решение со Предлогот на закон, во овој дел, во овој член, кој гласи како што е предложено, фактички се зголемуваат ингеренциите на Министерството за земјоделие во делот на условите за претпријатија што вршат откуп, што мислам дека е непотребно и нам воопшто во правни< систем многу често ни се случува, од законско уредени услови, со не- која начелна клаузула со подзаконски акт, подетално, поконкретно, надлежното министерство ќе ги одреди одредените услови и се случува фактички со тие подзаконски акти уште повеќе се зголемуваат усложне- тостите за постапките пред одреден државен орган, во конкретниов случај за откуп на тутун.

Вториот амандман, мислам вториот дел на амандманот, е од суштински карактер. Наместо, ќе потенцирам, досегашното решение дека ќе им се одземе одобрението за откуп на тутун на претпријатијата што вршат откуп на тутун, ако не ги одржуваат постојните услови кои што се со закон одредени. Тоа беше постојното решение. Сега се предлага покрај тие услови, ако не ги спроведуваат, и уште тек нови услови во- ведува предлагачот како услов за одземање на одобрението за откуп на тутун. Значи, повторно едно зголемување на државната ингеренција во делот на откупот на тутун.

Ова го предлагам не од аспект на претпријатијата што вршат откуп на тутун, туку преку една негативна конотација, преку тоа што се зголемуваат условите на одобрението за откуп на претпријатието

II/2.-

фактички се зголемува неповолната положба на самите тутунопроизводители, бидејќи тие ќе немаат сега можност, бидејќи им се закануваат плус од условите што ги бараат за одобрение за вршење на откуп со плус нови уште пет услови што предлагачот им се заканува за одземање на одобрението, што многу ќе ја зголеми неповолната положба на тутунопроизводителите, затоа што ќе не можат сега без картон од подрачната единица за земјоделие да предаваат тутун, не може да предаваат тутун доколку немаат договор со односното претпријатие кое врши откуп на тутун и не може надвор од просториите да се врши откуп и уште некои услови кои што сите заедно фактички ја обременуваат неповолната положба на тутунопроизводителите. Значи преку една конотација на зголемување на условите за одземање на одобрението на претпријатијата што вршат откуп на тутун, фактички се зголемува неповолната положба на тутунопроизводителите.

Од тој аспект сметам дека е ова преголемо мешање на државните ингеренции,конкретно на Министерството за земјоделие во областа, не само на откупот на тутунот, туку и во областа на пазарот на пласирање на тутунопроизводителите на произведениот тутун, мислам дека е понепвоолно решение од постојното што сега постои во законот и затоа предлагам амандманот да се прифати.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Ќе дозволите само да објаснам што е постојното решение, а што е измената. Во постојното решение стои дека располагаат прет-пријатијата за откуп со соодветен простор и во практиката што е тоа соодветен е работа на толкување на секој како сака. Не станува збор за откуп на зеленчук па може под натстрешница, под сенка да се откупува тутунот. Тутунот бара построги критериуми, затоа носиме закон за него

кога се во прашање нормите за откуп. Со ова решение само го дообјаснуваме тоа дека ќе донесе поблизок пропис, вели министерот за големината на просторот,за квалитетно сместуваше, чување и обработка на тутунот, тоа е став 1, значи прецизираме за што ќе се донесе поблизок пропис, за опременоста на просториите за откуп, како и потребните инструменти за утврдување на влага, песок и ништо повеќе. Значи го лоцираме овластувањето на министерот да ги определи просторот, него- вата големина и условите, бидејќи не може да се откупува тутун под натстрешница, туку во простории адекватни за таа работа. И тутун може да се откупува со инструменти за мерење на влажноста итн. Само тоа овластувањето на Министерството што сега го проширувaме, бидејќи до сега беше несоодветен просторот, таму беше кажано. Ова прашање може да се толкува секој како сака и од тие причини сметавме дека е потребно ова да го прецизираме и ќе повторам постојните претпријатија во Македонија ова не го спорат туку самите побараа вака да се прецизира, Од тие причини ќе повторам, не го прифаќаме овој амандман.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Нормално господинот министер е така верзиран да одговара на тоа што нему му одговара, но суштината е тука со концепциското неслагање по делот на воведувањето на преголеми ингеренции во делот на производството и откупот на тутун. Една од тие ингеренции е што покрај постојните услови не може со закон да се регулира, под едни услови да ти се доделува одобрение за вршење на откуп, само тие услови можат да бидат основ и за одземање на одобрението за вршење на откуп. Со овој закон, покрај тоа што се дава зголемена ингеренции на Министерството, поконкретно овие три услови што ги објасни министерот да му се дадат, туку уште пет нови услови се воведуваат за одземање на одобрението за откуп. Концепциски и тие се токму оние услови, ако нема

картон и ако нема склучено договор, или ако се прими тутун од производител кој има склучено договор со некој друг откупувач, значи, сите тие се неповолности и неповолна положба за самиот тутуно-произведувач, концепциски не се совпаѓа преголемото уредување на надлежности и ингеренции на државата и во производството и во откупот на тутунот.

Од тој аспект мислам амандманот е во контекст на пазарни услови, посебно во делот на конкуренцијата за откуп на тутунот и значи една слобода на самите тутунопроизводители во определувањето за пласманот на тутунот што го имаат произведено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандман за менување на член 6 поднесен од ЗПК.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 7 поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

II/5.-

**ПАНЧО МИНОВ:**

Амандманот по овој член 7 фактички се состои во следното: Покрај воведување на картони и склучување на договор на производителите со откупувачите претпријатија, само врз основа на заверен картон од подрачните единици, се проширува привилегираноста од откупувачите претпријатија, за разлика од досегашната уреденост на овие односи, каде што можеше да се пласира откупот на тутунот, не само тука како што се предлага, кај она претпријатие кое што врши откуп на тутун, туку во секое откупувачки претпријатие на ниво на Република. Со овој член, фактички се дава голема привилегирана положба на откупувачите претпријатија во смисла на тоа што договорите што се склучуваат со тутунопроизводителите, кои што имаат и одредби за аванс на производелите на откупувачките претпријатија, но најчесто го немаат елемент цена, односно откуп на цена, која што во реколтата за 1997 годи- за откупот на тутунот се покажа во случај на учество со внесување странски финансиски капитал од Австрија и Грција во постигањето на пазарната цена, беше многу попрофитерно за самите тутунопроизводители го пласираат тутунот онаму каде можат да постигнат поголема откупна на. Тоа така се направи и мислам дека тоа беше директно во интерес во корист на тутунопроизводителите. Кога тоа исто се случи се интервенираше и по мое големо убедување само заради активирање на спрегата откупувачките претпријатија и на Владата која актуелно е на власт РМ, СДСМ и на ова парламентарно мнозинство на СДСМ кое навистина што нити слуша, ниту размислува, едноставно се поддржува се она о спрегата на откупувачките претпријатија и актуелната влада ќе го договорат и тоа е само во интерес на откупувачките претпријатија , а не на тутунопроизводителите. Не постои договор од кој што едната страна ќе биде само со обврски, а другата страна само со права.

Во овој случај се предлага таков договор со закон да се привилегира едната договорна страна, тоа е договорната страна на откупувачите кој што ги става во една подредена положба тутунопроизводителите да мораат да склучат договор со одреден откупувач, но не уредување на односите со откупната цена, ги става во привилегирана состојба откупувачите да мора ним да им го продадат тутунот, а оставајќи им слобода сами да им кажат кога ќе биде цената. Неоставајќи слобода на конкуренција на пазар на самите тутунопроизводители, каква пазарна цена ќе се постигне таму да го предадат тутунот. Сметам дека, иако свесен заради односот на парламентарното мнозинство можам да кажам дека сум со едно големо убедување дека е ова вистински интерес за тутунопроизводителите, што покажа и реколтата на откупот во 1997 година. Апелирам овој амандман да биде усвоен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (14)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7-а поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Со овој амандман се предлага инспекцијата да врши контрола на спроведувањето на работата на проценителот . Ова не го прифаќаме од следните образложенија: прво, Комисијата е така направена со својата методологија на работење, што нема потреба инспектори да ја контролираат, бидејќи тој што е откупувачот има добиено веќе лиценца,

присуствува самиот производител на тутун, присуствува претставник на здружението. Доколку настане незадоволство кај едниот, сета количина се става на страна и решава по жалба друга комисија со претставник на Министерството и до тие причини цениме дека нема потреба да се врши инспекција над работата над ова тело што е составено и така поставено за да не настануваат спорови во кои што инспекцијата ќе има ингеренции да инспектира.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Коментирајќи го законот увидов едно сознание дека во процедурата на проценување на класите на тутун, фактички улогата и надлежноста на проценителот во прва фаза што има приговор на Комисијата, што овде од говорница ја истакна министерот, не е уредено контролирањето и надзорот од страна на државните органи, конкретно до инспекциски орган на Министерството за земјоделие. Навистина е зачудувачко и многу интересно, како пратеник до надлежното министерство кога се предлага проширување на неговите ингеренции и во тој случај да не се прифати. Сомневањето во таква состојба е уште поголемо дека намерно не се сака да се уредат некои односи во делот на контролата и надзорот за тоа како се врши проценувањето на класите на тутунот. На пример, со откупот на тутун во Кавадарци оваа година се покажа следново. За разлика од другите општини во Кавадарци се пласираат четири класи. Се осакатија луѓето со трета и таканаречена А-класа која што беше со катастрофално ниска цена за разлика од постигната цена од 140 денари во Прилеп, во Радовиш итн. Приговорава до надлежното министерство, раководителот на подрачната единица, наместо да ја активира постапката на надзор и контрола дали е проценувањето во ред, тој едноставно оперира само со тоа зошто премијата не сте ја платила за здружението на тутунопроизводители. Заради тоа немате претставник во таа заедничка комисија итн., значи еднодушебрижништво само за

функционирањето на тутунопроизводителите. И замислете и по таква масовна реакција не е извршена контрола и надзор над проценувањето на класите во случајот на Кавадарци. Луѓето беа онеправдани. Надлежното министерство не реагираше. Во самиот закон не постои надлежност на инспекторот дека може да врши контрола. Тоа е најважна работа. Тој може и незнам каква цена да им даде со класите може да изврши секакво манипулирање токму тој што го произведува тој тутун. Што е страхувањето да не се уреди едно прашање инспекцискиот орган, инспекторот по земјоделие да има една надлежност на проценителот и на Комисијата, на која комисија фактичката практика покажа дека тие претставници на тутунопроизводителите најчесто се поврзани со монополите, заради некои ситни интереси, а на штета на самите тутунопроизводители. Мора во таква рамка на некоја објективизација мора да има некој државен орган во кој што ќе се предвидат такви ингеренции на контрола и надзор.

Во таа насока, сметам дека зачудувачко е што ресорниот министер со амандманот во кој се предлага надлежност на контрола и надзор за кој што има посебен инспекторат тој не го прифаќа овој амандман и предлагам пратениците во интерес на ова, бидејќи е клучна работа во делот на примената на законот во што се состои поради лошото проценување и поради неуреденоста на односите, бидејќи нема санкција, а на наредните два амандмана им се дава надлежност и на проценителот и на Комисијата за проценување, а нема санкција ако извршат погрешна процена.

**ПАНЧО МИНОВ:** (продолжение)

Самата неуреденост и самото тоа што една празна надлежност без санкции фактички покажува пак на истиот момент дека се фаворизираат со тоа откупувачите на тутун, а не самите тутунопроизводители.

Предлагам во интерес на тутунопроизводителите овој амандман да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Извинете што се јавувам да појаснувам се додека е потребно. Да потсетам што пишува во член 23 од Законот како нашиот производител на тутун е заштитен до крај низ постапка пропишана со закон. Со инспекција ние не можеме да вршиме откуп на тутун, со гонење, туку треба да ја водиме стручно. Во членот ~ 23 пишува: производителот, или претставникот на здружението може да истакне приговор за проценката по основ на квалитетот на тутунот. За оспорените количини на тутун повторна проценка врши комисија составена од по еден претставник од купувачот, од здружението на производителите на тутун и претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Тоа е доволно обезбедено земјоделецот да биде заштитен низ постапка пропишана во овој Закон. Додавањето дека сега треба инспекторот да врши контрола, сметам дека би било одвишно и нерационално во конкретниов случај.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Господине министре во претходниот член што го цитиравте стои дека проценителот сега се предлага и да нема услови високо образование и средна стручна школа со четири години искуство да има лиценца. Не се кажува проценителот дали е од претпријатијата што вршат откуп или е независен. Најчесто да Ви кажам Вас дека тие

проценители се од самите претпријатија. Во случаи кога има и фактичка спрега меѓу претставникот од здружение на тутунопроизводители, ќе кажам заради ситни интереси кога проценителот е од самите монополи и претставникот ваш од подрачната единица за земјоделие кој најчесто се тресе во неговите комуникации со директорите на монополите, каде е интересот на тутунопроизводителот и од што е заштитен?

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Господа пратеници, ценам дека овде има некое недоразбирање помеѓу министерот и господинот пратеник. Прво, тутунот се откупува по мерилата за откуп, а врз база на мустрите кои што ги носи. Се знае кој е претставник на тутунопроизводителите, претставник на Министерството за земјоделие и претставник на организацијата. Ако тоа е тоа и се откупува по мерилата за откуп, тогаш јасно е, пред да отпочне откупот Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство се запознава со процесот на откупот и има за цел да изврши увид во откупната сапа да ги провери инструментите за мерење на тутунот, на песок и влага и врз база на сето тоа се донесува записник кој што е потпишан од страна на Министерството, од с трана на здружението и на работната организација. Со тоа веќе е и расчистено. Второто е она што е донесено како под акт, тоа е добивањето на лиценца. И на некнашната седница реков дека за проценителите потребно е да се има соодветно образование што и министерот тоа го прифати, а треба да има и лиценца за тутунопроизводителите. Тие заеднички на вагата едните даваат мислење за квалитетот на тутунот, а другите вршат проценување, а тука се разбира дека тие треба да имаат соодветно образование, бидејќи и во понатамошните процеси тоа како нишка се поврзува, бидејќи тутунот не е зелка, не е производ. Ако би било така лесно ќе беше и на пазарот. Што имаме тука? Овде веќе е присутно Министерството преку својата инспекциска служба бидејќи и тие си имаат свој претставник од една страна, претставникот на тутунопроизводителите од друга страна со

лиценца и претставникот на организацијата од трета страна. Така дури имаме и човек ако сакаме веќе и четвртата страна да ја имаме, тоа е Институтот за тутун кога се работи за типската чистота, тогаш јасно е, но проценката се врши кога производителот и проценителот нема да најдат согласност, таа ја врши арбитражната комисија која што се состои токму од три членови. Според тоа, мислам дека работата треба да ни биде јасна. Добро е она што се предлага, можеби што господинот Минов го предлага да имаме постојан член на Министерството, но не постојан член на секоја вага, бидејќи во Прилеп, најконкретно ние имаме 5о ваги и сега секоја по себе и во секое населено место и во секој откупен пункт ќе имаме толку многу што навистина ќе биде тешко изводливо, навистина тоа е многу скапо.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, излегов на говорница да кажам дека не се согласувам со она што господинот Талимџиоски сега изнесуваше по однос на амандманот. Мислам дека треба да ги делиме работите. Инспекцијата си е инспекција и таа треба да врши контрола ненадејно, а не да се покриваме, ако бараме ние да се покриваме преку инспекцијата дека правилно сме ја извршиле работата, тогаш тоа е друга работа. И не е одржливо инспекцијата да биде стална при откупот на тутунот. Што правиме тогаш? Условно речено ако некој не биде под психологија дека ќе биде контролиран, тогаш тој ќе работи исто подобро отколку што би работел без присуството на инспекторот. Затоа не е одржливо таква работа да имаме. Инспекторот си е инспектор. Тој треба да дојде ненадејно, да не знаеме кога ќе дојде. Ако ние знаеме и ако тој стално е тука уште можеме да направиме и други работи, па да не кажам дека ќе го угостиме добро и тогаш ќе помине се добро. Мислам дека инспекцијата си е инспекција и не треба да има работа конкретно со комисијата која што врши откуп, односно проценка на тутунот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Никој.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање:

Кој е за, мора да крене рака. ( Десет пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 во новиот член 44 став 1 за додавање нова точка 3-а поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа бидејќи се заговара да се казнува ако погрешно се направи проценката. Објаснив дека проценката ја прават стручни лица, не е правно лице кое треба да биде казнувано и низ демократска постапка е пропишано што ако се погреши, другата комисија таа грешка ја исправа додека не се постигне консензус по прашањето на откупот на тутунот. Заради тоа не се прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Никој.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака. (Седум пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 за додавање нова точка 11 по точка 10 поднесен од пратеникот Драган Георгиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Овој амандман заговара постапка да не се отпочне откуп на тутун доколку нема претставник од здружението. Наводно прифатливо како амандман, меѓутоа во што е проблемот. Може да се случи во праксата еден претставник од здружението да не дојде на откупот, или заради други причини ние откупот не смееме да го парализираме заради тоа што некој не дошол на откуп.

Второ, ако применуваме санкции спрема едниот, треба да примениме санкции и спрема другиот, тоа е здружението за кое што не можеме тоа да го правиме. Од овие причини мислам дека и пратеникот ќе разбере не треба да го прифатите овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре, ако веќе здружението е предвидено со Законот за тутун, здружението на тутунопроизводители, сметам дека оваа измена во Законот би требало да биде прифатена. За мене донекаде е разбирливо објаснувањето на министерот бидејќи сигурно дека на некој начин тоа би придонело да се кочи работата при откупот на тутун. Меѓутоа, исто така сметам дека доколку пак претставници од здружението на тутунопроизводители не бидат застапени при вршењето на откуп на тутун, сметам дека тогаш интересите на тутунопроизводителите не би биле застапени и претставени онака како што треба, односно откуп на тутун би се вршело без нивни претставници.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Господа пратеници, ако навистина во Законот ни е дадена можност тутунот да се откупува со повереници и да имаат лиценца, а сега веќе не ги [сакаме повереницитe. Јас се прашувам зошто? Затоа на ист начин како и оваа година ако сакаме и другата и третата и петтата година, се лажеме дека никогаш повеќе нема да откупуваме така. Повереницитe имаат за цел да ја проверат вагата, потоа балите, бројот на балите, да го пречекаат самиот производител, да извршат правилна проценка заедно со проценителот при откупот на тутунот. Ако сето тоа заедно го имаат, за [повеќе да не зборуваме дека како оваа година се откупуваше со преголема |влага, се откупуваше со камења, се откупуваше и надвор, тоа слушање од организациите, сигурен сум дека не беше така, тогаш претставникот ќе биде тој што заедно со проценителот треба да ја донесат класата, а за тоа секако дека треба да се погрижат здруженијата на тутунопроизводителите, тие не само да имаат еден претставник, еден повереник, туку секако тие имаат и свои резерви кои што верувам дека би требало, и треба, не би требало, туку треба да има претставник од

Здружението. Тоа исто јас го поврзувам како и со судството, дали еден судија ќе почне да суди ако поротата не му е тука. Сигурно не. Зошто кога го имаме истиот случај овде да не го почитуваме. Мислам дека овој амандман треба да го прифатите.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници и во општата расправа по Законот што е на дневен ред денес, а и денес можат да се слушнат тешки обвиненија кон нашиве тутунари за тоа како и на кој начин се однесувале во текот на последниов откуп на тутунот. Чудно е како од тутунските претпријатија излегуваат некои лоши гласови дека нашиве тутунари во текот на годинашниов откуп на кантарите на кои што се мери и цени производството на тутун, се носел тутун со камења, па полни вреќи со песок. Јас мислам дека вакви етикети на тутунарите не треба да им се препишуваат. Тутунарите биле и ќе останат една поштена класа од оние луѓе што произведуваат храна, а како што знаете дека денес нема почесно занимање од занимањето земјоделец. Сметам дека не треба да продолжиме да ги обвинуваме тутунарите за некој некоректен однос на кантарите на кои што се мереше и ценеше производството на тутун. Господа, ние денес дискутираме цело време посебно сега со овој амандман за улогата на проценителот и претставникот на Здружението на тутунарите на самиот кантар. Ако се случувале такви негативности тутунарите да им подметнуваат на претпријатијата камења, песок, па полни туби со масло, или со прегорено масло, или со вода, тогаш каде беа овие проценители, што гледаа на тие откупни кантари, или што гледаа по дворовите од каде што го откупуваа производството. Јас мислам дека оваа етикета сега кон тутунарите не е ништо друго, таа е пуштена од тутунските претпријатија со кои што и се врши притисок да се менува постојниот Закон за тутун и како што реков пред малку нашиве тутунари повторно да се стават во јаремот да се тераат да работат така како што ќе им одговара на тутунските претпријатија. Значи уште еднаш

барам тутунарите да не се обвинуваат и да не се прикажуваат во некое лошо светло дека тие се противници на тие тутунски претпријатија и сакаат на секој начин со подметнување да ги затворат тутунските претпријатија, а потоа тутунарите. Ако ги нема тутунарите, ќе ги нема и нив.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Никој.

IV/1 ЛП/ЛБ

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

20 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 10 во новиот член 46 став 1 за додаваше нова точка 5, поднесен од пратеникот Панче Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Киро Докузовски.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Овде исто така се предлага да се воведе казна за погрешна процена на типот. Не го прифаќаме амандманот од причините што ги објаснив пред малку.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Три пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (од место)

Барам збор , процедурално.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Во текот на гласањето барате? Во врска со гласањето барате Повелете господине Стојановски, мислам дека нема потреба од такви реакции. Јас прашав кој бара збор, констатирам дека никој не бара збор. Тоа е според Деловникот.

Повелете.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас само сакам да кажам, пред да се изјасни Собранието во однос на законот, како ќе гласам и ќе гласам против овој закон и ги повикувам и другите пратеници да гласаат против овој закон.

Не учествував во амандманската расправа, затоа што сметам дека Предлогот на законот како што беше даден неможе да се измени и поправи со ниеден амандман што беше даден. Знам дека постои огромна можност дека законот ќе биде донесен. Останува надежта и ја преземам обврската дека лично јас тој закон за измени и дополни на Законот за тутун ќе барам да се подвргне пред. Уставниот суд на РМ веднаш после неговото стапување во сила. Тоа е единствено можно демократско решение во натамошната постапка. Но мислам дека ќе остане фактот дека ова Собрание, покрај целокупната аргументација што беше изнесена и некни и денес, во расправата ќе остане глуво за аргументацијата и дека после седум години од демократска расправа што се води во овој Парламент, и понатаму ќе продуцираме норми кои ќе бидат спротивни на реалниот живот, за кои тврдам, како што тоа го покажала без број пати реалноста во живот дека таквите норми не можат

да опстојат долго во животот. Самиот живот ќе ги надмине и ќе бидат однесени од ветрот. А чувството на предлагачот да надвладее повеќе инаетот отколку аргументацијата е прашање само за себе кое зборува повеќе за предлагачот отколку за произнесената аргументација.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам да се утврди точниот број на пратеници во салата пред да преминеме на гласање, имаше сугестија.

Господинот Чифлиганец да се изјасни како ќе гласа.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитувани претседавачи, почитувани колеги пратеници, Пред да се изјасниме за или против донесувањето на Предлогот на законот за тутун, би сакал да кажам една забелешка до колегата пратеник, претходниот дискутант, да кажам до колку некој е против, зошто. ние ќе бидеме за. Ќе бидеме ние за, лично за моето гласање зошто за, затоа што било кој закон донесен е подобар отколку никаков да не постои, ако не постои некоја регулатива има комплетна конфузија и кај тутунопроизводителите и кај купувачите односно тутунските претпријатија.

Второ, ако 200 илјади граѓани во РМ се бават со тутунопроизводство и сигурно на некој повеќе, на некој помалку, во границите на нашите можности, знаења и умешности, партиципираме во донесувањето на каков, таков закон кој што денес уште еднаш ќе го потврдиме и ќе го донесеме со измените, мислам дека е подобар од колку ние како Парламент денес да кажеме не го усвојуваме. А секој закон е променлива категорија, до колку преовладаат аргументите, на секоја наредна седница односно во секој состав на Парламентот можеме

да го менуваме но не треба да заборавиме како Парламент, не треба да заборавиме како Влада и ресорно министерство, во наредните наши гледања кога се донесува буџетот, ќе биде нај- добар закон оној, односно сите ќе бидеме загрижени за тутунопроизводителите, овие 200 илјади граѓани на РМ кои се бават со една макотрпна дејност, кои имаат производ цирка 100 милиони марки, кои обезбедуваат нето девизен ефект од 60-70 милиони марки на оваа Република да имаат одредени-привилегии односно извозната компонента нето девизниот ефект да се поддржува. Што значи тоа? Ако веќе толку мислиме, а сигурно мислиме, не го негира тоа било кој овде, да му најдеме место во државата да има свој статус со одредени свои бенефиции, извозно да бидат стимулирани. Тоа е крајната цел на сите нас во Парламентот и во другите институции. Ако тоа го обезбедиме како држава, а ние знаеме дека се залагаме да имаат извозни стимулации , ако се на 100 милиони марки. донесува, Република Македонија има извоз преку тутунот о.г. гарантирам од ова место дека тоа се 60-70 милиони марки нето девизен ефект, зошто да не се залагаме како институции да имаат пет-десет-15 или 20% стимулации тутунопроизводителите, но како држава. Знаеме, некоја организација што врши откуп има моќ, некоја нема, но ако во државата ние кажеме 15 или 20% има стимулација, тоа е голема работа и да кажеме од каде тие стимулации ќе ги дадеме во тутунопроизводството, до колку имаме можности. До колку немаме, мислам дека и секое друго наше застапување пред Парламентот и јавноста ќе биде некој поголем некој помал маркетинг. Но до колку тоа во закон не го внесовме, но при донесувањето на наредните буџети на реколта од 1998 година и натаму мислам дека оваа гранка, оваа категорија на граѓани, како што некој дискутант рече класа на граѓани кои макотрпно го произведуваат тутунот, кои донесуваат 60 до 70 милиони марки нето девизен ефект на РМ заслужуваат одредени стимулации од страна на државните институции.

Јас сакам да кажам и тоа беше целта на моето јавување, ќе гласам за затоа што било кој закон е подобар од колку било која конфузија што ќе постои понатаму.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-дин Тантаров бара збор.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници,

Јас сум пратеник од 60.тина битолски села во кои тутунот значи живот скоро за сите селани ,почнувајќи од Добрушево , Ношпал до вештачката граница со Грција. Како нивен пратеник, јас овде морам да го пренесам нивниот глас.

Во моето подрачје измените на законот за тутун не се прифаќаат и јас ќе гласам против овој закон. Скоро два три пати кажав зошто не се прифаќаат. Не се прифаќаат од причина што постои страв дека тутунот се. враќа повторно на позиции што важеа во социјализмот. Тогаш тие тутунари, тие мачни души работеа, како што рече Чифлиганец носеа девизи за државата, меѓутоа, тие девизи одеа насекаде, а не нешто кај нив.

Реков, од овие причини јас нема да гласам за законот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Сега пратениците кажуваат само како ќе гласаат, ние ја завршивме расправата.

Дали некој друг од пратениците бара збор?

Има збор г-динот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас исто така ќе гласам против донесувањето на овој закон затоа што воведувањето на картони, заверката на тие картони како услов за склучување, единствено по тој основ, на договори, потоа неможноста тутунот да се предава во откупувачкото претпријатие за откуп на тутун каде што е интерес на тутунопроизводителот, каде што на пазарот ќе

постигне најдобра цена, каде што се обврзува да склучува договори а не се одредува цената на откупениот тутун сметам дека сите овие моменти што инаку се суштина на овој закон и сите други аргументи кои беа искажани во претходната расправа со целосното оглушување на предлагачот за истите не се во интерес на тутунопроизводителите, туку единствено се во интерес на откупувачките претпријатија на тутун. Значи, денес ќе донесеме измена и дополнување,само за колегата Чифлиганец да кажам дека веќе има тутун, не е да нема Закон за тутун. Тој вели дека е подобро да се донесе закон за тутун, отколку да нема. Закон за тутун има и немаат врска стимулациите за тутунот во однос на донесувањето на овој закон. Овој закон регулира сосема други работи како законска содржина. Сметам дека ние ќе донесеме закон, измените ќе бидат само во интерес на откупувачките претпријатија, евентуално на здруженијата на тутунопроизводители, а не на оние кои навистина се производители на тутунот и мислам дека овој закон ќе има многу краток век. Било состав на Парламентот и било која друга политичка влада во која ќе биде субјект ЛДП, како државна интервенција во делот на производството и откупот на тутунот ќе го смени. Нема да биде долг векот на овој закон.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Господа пратеници,

ас само да ве потсетам, водиме расправа по текстот на законот, завршивме по амандманите.

Г-динот Талинџиоски бара збор. Дојдовме до фаза на гласање и пратениците го користат Деловничкото право да кажат како ќе гласаат и зошто, не водиме општа расправа.

IV/7

**ПЕТАР ТАЛИНЏИОСКИ:**

Г-пода пратеници,

Пратеникот Тантаров кажа дека во Битола и битолските села се произведува тутун. Ве уверувам дека од местото каде што тој се најдува имаме многу малку тутун. Сега бараме нешто друго. Ако знаеме дека во Македонија имаме околу 25 тутунски организации кои имаат изградено објекти, кои имаат по 2000-3000 вработени, кои веќе тутунопроизводството го поставиле на своја база и основа, кои живеат од тоа и тој тутун а имаме закон, Закон наш прв македонски, јас верувам, ние имавме и пред ова повеќе законски проекти, може да се рече и 15, овој Закон е повеќе од добар, кажав и во некнешното излагање дека има една мана, а тоа се стимулациите. Верувам дека и тие би се вметнале и кога тие би се вметнале тоа ќе биде повеќе од одличен закон. Ние да не се залажуваме дека нашите тутунопроизводители некој ќе ги заштити, ако во работната организација го примаат она што е донесено по законот, а сите вие гласавте, 20-30% колку што е како аванс. Ако тие имаат заштита на тутунскиот расад, ако таму веќе имаме вода за наводнување и др, што под контрола на стручната служба на самите работни организации, сега што? Бараме оние кои веќе не се и не биле производители, сакаат да бидат еднакви. Не може да биде, овој закон тоа не го дозволува, а чинам дека е во интерес на самите тутунопроизводители тие да имаат своја лична карта, да знаат со кого. Никој не му забранува на него со кого да го склучува договорот во цела Македонија,со која организација и да го добива она што треба да го добива од организацијата.

Овој закон јас мислам дека треба да го гласаме.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-дине Тантаров, вие го искористивте правото да кажете како ќе гласате, ако не го променивте мислењето , повелете. Нема реплика.

IV/8

(Реагирање на повеќе пратеници во салата со зборовите "нема реплика").

Јас потсетив во која фаза сме и ве молам сите заедно да го почитуваме тоа.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Прво, само една информација за г-динот Талинџиоски, во моето село до вчера се склучени над 200 договори за производство на тутун. Инаку, во цела изборна единица што ја претставувам во овој законодавен дом договарањето на тутунот се врши при крај. Можам да кажам дека околу 90% од тутунот веќе е и осигуран. Инаку, само би го потсетил г-динот Талинџиоски за едно писмо што од неговите тутунари го добивме денес. Ќе го прочитам. (реакција на пратениците во салата).

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Пет пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Еден пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за тутун.

Преминуваме на 9-тата точка- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за црвениот крст на РМ со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлог на закон мислењето на Владата, и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон. Има збор г-динот Јован Николов, предлагач на законот.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, Предлогот за донесување на закон со предлог на закон за измени на Законот за црвениот крст се состои само во измената на еден член, а целта на измената е да се помогне на општинските организации на црвениот крст кои денес, по донесување на Законот за црвениот крст заради сите средства кои се прибираат по одредени основи одеа во Републичкиот црвен крст, овие организации останаа без средства за егзистенција, не само за луѓето што работат таму но и за обавување на функциите за кои постојат. Сигурно, сите знаете Црвениот крст како една хуманитарна организација секаква функција во општеството, почнувајќи од помагањето во социјалните случаи при елементарни непогоди, службата на барање во услови на она што го имавме на Балканот, во нашите поранешни простори во изнаоѓањето на изгубените лица и семејства, а понатаму во делот на здравственото просветување и крводарителството, што е во функција на човекот, Мислам дека овој закон треба да се прифати, а ќе кажам нешто и за она што значи мислење на Владата.

Владата има негативно мислење со образложение затоа што се предлага во измените на законот, при регистрацијата на возила да се зголеми ставката од 0,5 на 1%, зборувам затоа што законот односно членот амандмански е изменет со предлог на еден амандман, врз основа на дискусијата која се водеше и во матичната комисија за труд и социјална политика и во Комисијата за финансирање и буџет Законодавно правната комисија. Мислам дека она што се кажа на

матичната Комисија дека Републичкиот одбор има многу средства и досега не поднел никаков извештај на доносител на Законот односно ова Собрание.

V/1.- СП/ЉР

**ЈОВАН НИКОЛОВ**: (продолжение)

Од Комисијата се побара едно такво мислеше и мислам дека ќе добиеме извештај односно тие се должни по Законот да ни дадат таков извештај за финансиското работење, но ценејќи ја моменталната состојба на општинските организации одлагањето ќе значи се поголеми проблеми да се создаваат во општинските организации во нивното функционирање. Затоа мислам дека ова Собрание, бидејќи се работи за закон кој нема да ги оптовари имателите на возила, се работи само за 0,5% не повеќе, значи изменет е амандманот, мислам дека со доаѓањето на тие 0,5% директно во општинските организации, а и другите основи кои по членот 27 до сега беа во Републичкиот одбор да се наменат во општински организации ќе им се помогне да можат да ги обавуваат своите функции. Уште повеќе еве вчера се славеше Денот на крводарувањата, односно Денот на Црвениот крст на Македонија, таму беше само прослава, баре може да видете од телевизијата со успесите на дејностите што ги обавуваат општинските организации се надевам дека ќе има разбирање во ова Собрание, ќе се прифати предлогот на измените, а со тоа ќе им се помогне на општинските организации, алудирам на општинските организации на Црвениот круст.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Пруси.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа, ја почитувам добрата намера и хумана намера на г-динот Николов со овој Закон да ја подобри функцијата на општинските организации на Црвениот крст на Македонија.

Исто така знаеме каква е функцијата на Црвениот крст воопшто и овде самиот предлагач на Законот тоа го кажа, меѓутоа, сепак го почитувам мислењето на Владата кое ни беше презентирано и мислењето на комисиите во врска со овој Предлог на закон. Поради тоа што има доста непознати работи за кои се дискутираше по комисиите околу тоа како се прибираат средствата,^разбравме дека во Републичкиот Црвен крст постои голема акумулација на средства, таму почнаа да се кажуваат некои астрономски плати и ред други работи за кои ние како пратеници, за жал не сме запознати.

Од други извори разбрав како и моите колеги овде дека овие средства за кои предлагачот на Законот мисли од регистрација на моторните возила одат директно по тие општински организации на Црвен крст, а не во Републичкиот Црвен крст.

Мислењето на Матичната комисија, јас не го гледам претседателот на Комисијата, можеби тој требаше ова да го каже, беше да се сочека, да се види воопшто акумулацијата на тие средства, распределбата на тие средства и потоа евентуално да можеме да го разгледаме овој Закон.

Јас конкретно би барал од г-динот Николов овој закон во овој момент го повлече, па да можеме да го разгледаме во некоја подобра прилика кога ќе имаме одредени сознанија како се акумулираат тие средства и како се распределуваат тие средства во општинските организации на Црвениот крст и потоа да расправаме за овој закон дали е во ред тие 0,5% да се земат или не е во ред.

Благодарам

V/ 3 . -

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Ристо Марковски.

**РИСТО МАРКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе,почитувани пратеници, се јавив за да дадам своја полна поддршка на Предлогот за изменување на Законот за Црвениот крст од пратеникот Јован Николов, односно неговиот амандман од 11 март 1998 година. Воедно -целосно го прифаќам и образложението на овој Предлог за измена на Законот кое е доста добро го отсликува финансискиот показател и можноста во општинските организации на Црвениот крст кои се основна клетка односно носители на најголем дел на активностите на оваа организација на Црвениот крст. Иако Крушевската организација на Црвениот крст е една од помалите, можам да кажам дека во последните години е навистина една од нај- успешните и подобри организација од Црвениот крст на сите полиња на делување пред се на полето на крводарителството каде редовно го исполнува Планот над 160 - 170%, но во последните години навистина се јавуваат проблеми во работењето на оваа организација пред се од финансиска сфера бидејќи знаејќи ги можностите на единците на локалната самоуправа, односно буџетите на општините ретко која општина може или одвојува средства за финансирање на овие организации иако тоа е законска обврска. Кај нас, иако работи само едно лице во оваа организација навистина се доведува во прашање натамошното функци- ониерање на оваа организација која е многу успешна.

Затоа ги прифаќам овие Предлог измени посебно оној дел каде се предлага средствата кои се одвојуваат за регистрација на моторни возила директно да одат на сметка на општинските организации на Црвениот крст со што донекаде би ги ублажиле овие тешкотии и овие организации би продолжиле да работат.

Благодарам.

V/4 . -

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници,

Размислував дали да станам да учествувам во расправата или не, но преовлада размислувањето што го изнесов на Комисијата за финансирање и буџет.

Предлогот догаѓа од општина која во РМ значи општина која дава најголем број крводарувањеа последните 10 години наназад. Станува збор за бројка меѓу 50 и 60 илјади крводарувања што ја потврдува вистината од она што пратеникот Николов го поставува како барање за финансирање на дел на активности во локалната самоуправа т.е. на локално ниво или општинско ниво во односот на крводарителството.

Ги знам одлуките т.е. мислењето на Владата. Го респектирам мислењето на дел од комисии, но сметам дека треба покрај ова усвојување на овој предлог на измени на Законот, а станува збор за 15 денари од регистрација на моторно возило во општина со она што го направи со вториот дел од амандманот, бидејќи беше 1%, сега е 0,5%.

Моето размислување, покрај прифаќањето на овој предлог да одиме и понатаму, а одењето понатаму мора во РМ дел на централизација на активностите и на финансиските средства да има поинаков карактер.

Прво, мора да се почитува локално ниво;

Второ, да се почитува регионално ниво, па на крај националното Републичко ниво.

Тие три елементи се кои во голем дел на активности не само во областа на крводарувањето, туку и во други области ја стопираат

и ја уназадуваат активноста на организациите кои треба да значат јадро на активноста на она што станува во РМ.

Од тие причини го поддржувам Предлогот на законот и ве замолувам оваа измена да ја прифатиме и усвоиме во интерес на граѓаните, во интерес на подигнување на активностите на локално ниво.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа,

Испаднав да го кажам својот личен став во однос на Предлог законот од мојот колега. Јас ќе ги поддржам измените на Законот, прво како доктор, а потоа како активист на Црвениот крст од мојот град. Како активист ја знам состојбата на Црвениот крст на Велес, јас претпоставувам дека ништо подобро не е во другите општински организации, се кубури со средства, а во рамките на тоа колку средства се внесуваат во тие општински организации, а колку се враќаат како активност, постои една голема дискрапанца. Јас мислам дека предлогот за носење во фази на Законот или на повлекување на Законот не сум за тоа, сум за тоа овој Закон да се донесе затоа што секое одолго-влечување ќе биде на штета на општинските организации на Црвениот крст.

Се согласувам со мислењето на колегата Мирко Трипуноски секако треба нешто да се направи околу распределувањето на средствата меѓу Републичкиот одбор од една страна и општинските организации. Меѓутоа, сигурно дека оние луѓе кои работат во општинските

организации сигурно дека активистите на општинските организации на Црвен крст најмалку се виновни за таа состојба во која тие се наоѓаат. Ако сакаме Црвениот крст како доброволна организација функционира, ако сакаме да ги издигнеме на повисоко ниво мислам на активноста секако дека покрај доброволните ангажирања потребни се и средства. Затоа давам целосна поддршка на Предлогот за изменување на законот за Црвениот крст од колегата Јован Николов.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, должен сум да дадам едно објаснување, бидејќи јас како претседател на Комисијата и моите членови имавме состанок и расправа по Предлогот за изменување на Законот на Црвениот крст и да немаме забуна. Ние како Комисија расправавме по првата верзија по Предлогот во кој дел беше вметната една измена таа висина да изнесува 2%. На самата расправа едногласно сите пратеници што бевме присутни на Комисијата бевме против. Рековме дека во ова време не смееме да го оптоваруваме нашиот граѓанин со додатни средства. Во таа смисла колегата Николов изврши комплетна измена и дополнување во однос на првата содржина на самиот закон со единствена цел да не се зголеми претходната стапка која беше утврдена во постојниот закон единствено технички средствата да не одат директно на Републичкиот Црвен крст, туку да одат во општинските организации со 0,5%. Целата таа ситуација беше подобрување на материјалната состојба на општинските организации со единствена цел поквалитетно да ги извршуваат своите задачи. Во контекст на тоа г-динот Пруси не беше присутен па не можевме да го консултираме, нека извини, а сите други членови на Комисијата по вториот предлог за измени и дополнување на  Законот со оваа техничка измена беа консултирани и го

прифатија Предлогот за измени и дополнувања на Законот во II верзија, не во 1-та, така да не постои забуна инаку го баравме г-динот Пруси во тој момент ни беше отсутен така ние на еден блиц состанок направивме една сериозна консултација.

Втора задача што на Комисијата одлучивме заради тоа што имаше разно-разни дискусии, донесовме заклучок, а во Извештајот стои да побараме од Републичкиот одбор на Црвениот крст една комплетна информација за вкупните финансиски состојби на Републичкиот орган и на општинските организации на Црвениот крст со единствена цел да потпомогнеме, ако можеме, односно да ја отсликаме состојбата, па дури тогаш да бараме соодветни решенија за подобрување на состојбата на овие организации. Во тој контекст ние го прифативме предлогот за изменување и дополнување на самиот закон. Ви благодарам, само како појаснување.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-динот Пруси реплика претпоставува, бидејќи беше спомнат.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Јас не знам ако е одржан состанокот и како се консултирани членовите, меѓутоа, јас тврдам одговорно дека секој ден сум бил овде во Собранието присутен. Можеби во моментот, но сепак седница на Комисија треба да се организира за да се запознаат членовите и врз основа на тоа да се свика седница на Комисијата и да се расправа, а не еден по еден да се консултираме. Ви кажувам дека сум бил тука, а зошто не сум консултирам, навистина не знам.

V/8 . -

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Ване Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, со неколку збора ќе докажам во врска со овој Закон. Јас сум Законот да се донесе во две фази.. Првата фаза ја предложи докторот како предлагач, јас се залагам пошироко да се навлезе во делот на финансирањето. Некои работи да се додадат ова што го бара докторот го прифаќам 0,5% наместо 1% за сигурен извор на финансирање на Црвениот крст. За да може оваа институција независна, непристрасна, хумана да ја обавува дејноста но сум во членот 27 да се исрфрлат некои работи кои очигледно постојат пишани, а праксата покажува и факт е дека не функционираат. Тоа е дел од 3% што се зафаќа од влезниците за спортски натпревари. Такво нешто не знам, нека ми покаже институцијата Црвен крст со факти дека успеале дел од овие приходи не сигурни, а пишани овде во членот 27 да ги наплатат. Сметам дека тоа треба да отпадне од функција, бидејќи спортските натпревари знаеме што значат, сакаме да имаме публика, пред публика се одржуваат, а тоа да го оптовариме со 3% јас мислам дека тоа треба да отпадне и така ќе го поддржиме спортот на таков начин.

Сигурни извори се финансирањето што го гледаме од видеокасети носачи на звукот. Тоа е 3% и сметам дека треба да остане. Првата алинеја тоа се влезници од забавни манифестации од меѓународен карактер. Ова е прва фаза, докторот тоа го бара, тоа може да биде ставено на разгледување ако сакаме оваа институција на Црвен крст на РМ да функционира и да е во контекст на оние дејности и секции што постојат таму, поготово беше спомнато крводарителството, јас тоа го потенцирав и на Комисијата и вчера во непосредна средба во колективот каде работам дека во оваа сфера која очигледно гледаме дека во овој

V/ 9 . -

период од 7-8 station наназад опаѓа прибирањето на крвта, а знаеме што значи за човекот, сметам дека посебно внимание треба да посветиме и да стимулираме би рекол еден од изворите за стимулирање покрај програмите кои постој во Буџетот во РМ е изворот на финансирање од страна на Црвениот крст на Република Македонија.

Јас сум за Законот со единствена измена пошироко зафаќање и во втората фаза да имаме податоци оние што колегата Пруси ги бараше Треба да видиме дали навистина во централата на Црвениот крст на РМ се прибираат средства и каде тие се трошат. Со едно такво образложе-ние во II фаза ќе ни биде појасно и ќе бидеме начисто за што ќе кренеме рака. Реков дека сум за поддршка, но во две фази.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Фаик Абди.

VI/1.-СС/МЛ

**ФАИ**

**К АБДИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, ја сакам да укажам на една голема важност на овие според мене а според вас од голема важност на овие хуманитарни организации што имаат и свои - програми за работа и во последно време почнаа некако да се дават и да ја губат својата намена.

Оние пратеници од нас кои вчера беа на предавање, кои го слушаа заменикот на државен секретар на САД кој, помеѓу другото рече дека Америка даде 74 милиони долари само за хуманитарни организации во Република Македонија, тоа не беше некоја шала, меѓутоа тоа е една голема вистина. Но, факт е и не е лошо тоа како Република Македонија, покрај Црвениот крст што постои организацијата Црвена полумесечина. Постојат и други хуманитарни организации кои малку избегаа на лево и на десно од своите активности, од својата цел, од намерата. За срам се послужија со многу ниски работи. На учениците им даваа тетратки и моливи само за да им ги земат државјанствата, да регистрираат некои политички партии. За време на изборите нудеа храна, пакети итн., заради гласање и многу е битно кои луѓе се внатре.

Јас, во овој случај не зборувам за раководството на Црвениот крст на Република Македонија. Зборувам за општинските организации, зборувам за локалните самоуправи и јас сум убеден дека и понатаму ќе го има ова што го кажувам. Би бил многу среќен, некој овде рече тоа не се случило и нема да се случи. Меѓутоа, факт е дека тоа се случува.

Со ова сакам да кажам дека треба да им обрнеме внимание на тие луѓе кои таму работат дека Црвениот крст не постои заради нив што се вработени таму. Тие постојат заради тоа што е овде на- бележано: социјалната заштита, крводарителството, здравствено просветување,

Службата за барање помош при елементарни непогоди, превентивата, активната борба против наркоманијата односно неширење на наркоманијата, болестите од зависноста и кампањата против сидата и други итн. итн. Ете, тоа да гледаат. Да ја гледаат сиромаштијата во овие моменти, а не да кријат одредени резерви на храна и облека и да ги злоупотребуваат во моменти кога ние водиме политички битки кој ќе биде во овие парламентарни ходници.

Сакам да обрнам едно внимание до сите вас колеги пратеници за една работа, која е многу стара, во Европа и пошироко, а што кај нас не постои воопшто, затоа што ние изгледа сме едни од најбогатите држави во светот. Односно, ние граѓаните сме најбогати.

1971 година јас присуствував на Првиот светски конгрес на ромите во Лондон. Помеѓу другите места не прошетаа и во едно место, во една црква и позади, од задниот влез, влеговме во една голема просторија, сала. Таму имаше големи маси со столици и секој од нас доби по еден бесплатен ручек.

Што е тоа што нашиот Црвен крст, Црвената полумесечина, нашите хуманитарни организации, при Владата нашата Комисија за верс- ки заедници итн. Не покренува вакво прашање. Еден таксиста во Скоп- је, некни ме возеше до Собрание, ми кажа дека во сред Загреб постои таква организација, па дури го прашаа дали сака да преноќи таму. На прашањето колку да плати му рекле ништо.

Зошто кај нас не се потегнува тоа прашање, па ако треба не 0,5%, тогаш 1-2-3% ако треба ќе дадеме, само да има. Зарем нема- ме ние сиромаштија, зарем немаме гладни луѓе? Па нека одат, нека земат еден оброк, нека јадат. Нема да пропаднеме.

VI/3.-

Сакам да речам дека нашиот Црвен крст, другите наши хуманитарни организации нека ги обедини Владата, мислам на Комисијата за верски прашања и министерот без портфељ и нека разговараат на оваа тема што поитно и што побрзо. Оваа работа да ја завршат, за тоа што има луѓе кои одвај спиење ги фаќа, не се веќе раат. Ете, таква ни е ситуацијата.

Нашите социјални помошти се многу мали. Па, дури кога даваат луѓето молби за социјална помош, минимум социјална заштита при одење дома на контрола - има телевизор. А, продај го телевизорот, после од таму ќе јадеш. Така се однесуваат. Такви изјави даваат. Дали е вистина, не знаеме. Не зборувам Бранко за тебе, има такви случаи, има такви изјави. Јас не сакам да толкувам што е право а што не е право. Меѓутоа, ете, луѓето пишуваат изјави, ако треба овде ќе дојдат. Тоа не чини.

Зборот ми е, во потполност се согласувам со овој предлог, се согласувам општините да помогнат на општинско ниво, на републичко ниво, се согласувам сите да дигнеме два прста заради тоа што тие се наши избирачи, наши граѓани, наши луѓе кои ја користат таа помош, но апсолутно не се согласувам, а верувам и вие не се согласувате да се злоупотреби таквата помош, таквите средства што доаѓаат во Црвениот крст од ладвор. Или, едно време 1963 година цел свет помагаше во Македонија овде, во Скопје. Се пикаа во разни подруми, храна, облека и тн. Зарем тоа ќе го правиме, мислам дека е срамота

Поради тоа го поддржувам предлогот, но нашата Влада, нашата Комисија за верски прашања, нашите раководства нека бидат достојни на душата што ја посветиле да им помогнат на оние кои бараат помош. Нека тоа биде чисто како помош, а не да злоупотребат, кога ќе дојде септември - октомври, ќе дадеме ова, гласајте за нас.

Благодарам, се извинувам ако сум навредил некого, но тоа е тоа, тоа е вистината.

VI/4 . -

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Пруси.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Господине претседателе, јас се извинувам што вака често мора да излегувам на говорница, меѓутоа поради последната дискусија на господинот Фаик Абди, прво дали навреди некого или не, веројатно навреди.

Во Република Македонија постојат две хуманитарни организации што ја покриваат целокупната територија на Македонија. Тоа е Црвениот крст на Република Македонија и Хуманитарната организација Црвена полумесечина. Тоа е факт.

Меѓутоа, барем според сознанијата што ги има, бидејќи на едната сум и претседател, а и за другата организација, за Црвениот крст, јас немам сознанија дека се злоупотребува помошта за некаков политички маркетинг. Веројатно, од одредени поединци при одредени избори имало такви случаи, но сигурно дека не е политика не само на Републичкиот црвен крст, ниту на Републичката организација на Црвената полумесечина, туку зборувам и за општинските организации на Црвениот крст и општинските организации на Црвената полумесечина.

Така што, воопшто не стојат тие забелешки што овде ги да- де господинот Фаик Абди.

Само да ви напомнам дека во сите овие организации се ис- преплетуваат интереси, има луѓе од различни партии. Така што тие не се еднопартиски. Плус тоа не се ни верски организации за да може некоја Комисија за верски прашања да се занимава со една ваква организираност. Затоа мислам дека воопшто не стојат тие забелешки.

Благодарам.

VI/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика бара господин Фаик Бди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитувани колеги вие сте сите овде не сте вон од салата, колку што знам што сум зборувал воопшто не сум спомнал каде се случува тоа. Дали во Црвената полумесечина, дали во Црвениот крст или другите хуманитарни организации. Јас сум рекол дека има во општинските организации разни девијантни појави кои базираат на тоа и тоа. Нека повели господинот нека ги собере своите од Црвената полумесечина итн., нека разговараат малку на оваа тема поради тоа што такво нешто постоело. Постоело. Да не бегаме од таа вистина. Јас не сум рекол дека тоа е во Црвената полумесечина, ниту во Црвениот крст на Македонија, ниту во општинските организации по име и презиме од тие општини. Јас сум рекол дека постоеле.

А, тоа, меѓу редови и читано, кажано нека се води малку сметка. Се извинувам, јас не сум навредил никого. Ако некој се чувствува навреден, тоа е друга работа. Меѓутоа, што постоело, постоело. Имам сознанија, не сакам да читам по општини, по име и по презиме, тоа би било срамота за мене, јас не сум човек од таков калибар.

Ве молам, немојте да ме сфатите погрешно.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и јас како и некои други пратеници што изнесоа сум долгогодишен активист во

Општинската организација на Црвениот крст на општина Кисела Вода. Во оваа прилика би сакал да ги изнесам и ставовите на таа Општинска организација, меѓутоа и на многу други општински организации на Црвениот крст на Република Македонија кои што во начело го поддржуваат овој предлог-закон од повеќе причини.

Инаку, јас сум свесен дека е потребна една поцелосна интервенција во овој закон за Црвениот крст, можеби и во некои други закони, со што покомплексно и поцелосно би се уредила оваа материја и положбата на оваа невладина, непартиска организација, како што кажаа некои пратеници, во која, се разбира, како граѓани може да членуваат и членови на други партии. Но, во секој случај ова е една непартиска организација. Таа спроведува бројни хуманитарни активности, почнувајќи од акциите на крводарителство што знаеме де- ка во одредени случаи спасуваат многу човечки животи. Така што, не би требало да ги потценуваме, туку да ги потенцираме сите овие заслуги на општинските организации на Црвениот крст во државата, а, еве јас изнесов и некои конкретни активности на Општинската организација на Црвениот крст на општина Кисела Вода.

Како што кажаа некои пратеници, можеби во некои општински организации постојат и некои аномалии. Меѓутоа, тоа не е работа, тоа е работа на сосема друг орган што треба да го утврди тоа и сосема непотребно би ја одолговлечиле расправата на сосема друга насока. Сметам дека треба, до колку се расправа и понатаму, да се расправа само по овој предлог-закон.

Исто така и амандманот е добар бидејќи го намалува процентот што се издвојува за општинските организации, кој е минимален, ќе може да ја заживее, можеби одржи пред се активноста на општинските организации на Црвениот крст.

VI/7.-

Инаку, морам да кажам дека навистина некои други односи мора да се уредат и нужна е една покомплексна и поцелосна интервенција во овој закон. Јас, од таму го сфаќам овој предлог на закон како едно интервентно, како едно делумно решение доколку ги сфатив предлагачите и од овие причини, бидејќи се работи за навистина едни волонтерски, хуманитарни организации што голем дел од своето слободно време го посветуваат во хуманитарни насоки, а бидејќи овој закон овозможува односно евентуалното усвојување на овој за- кон би овозможило подобрување, одржување на нивните активности, од овие причини условно сметам дека треба да го поддржиме законот, меѓутоа условно, како едно времено решение до донесување на еден поцелосен закон.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Претседателе, почитувани колеги, почитуван господине пред- лагач на законот,

Би сакал по Предлогот за донесување на закон, што во овој момент е на расправа во Собранието, да упатам на неколку работи, на неколку пишани мислења и предлози до нас и на неколку проблеми што го следат законот.

Неспорно е дека Собранието на Република Македонија треба да расправа за законот за Црвен крст во целина, имајќи предвид дека иако е невладина организација, Црвениот крст, како што некои министри за нешто друго се имаат изјаснето, по некогаш е во административен брак со државните органи, заради разни функции што ги обавуваат. Особено

што дел од некои јавни надлежности на државата се пренесени на Црвениот крст, тој да ги извршува. Особено што нашата држава, според искажувањата и на највисоките раководители на државата се наоѓа во фаза кога Црвениот крст треба да биде сериозно подготвен, опремен и спремен за секаква ситуација во нашата држава, што зависат од околината во која се наоѓаме, се разбира.

Во таа насока јас прифаќам дека Црвениот крст треба да биде повторно предмет на расправа, ако не во Владата, тогаш во Собранието на Република Македонија и во Владата за да се најде соодветен начин како тој малку повеќе од нормално би се оспособил во денешно време во Република Македонија да може некои од функциите што тлеат, што се, да речам потентни функции на Црвениот крст а можат да станат актуелни во одреден момент, заради тоа треба сериозно да размислиме како Собрание и како држава како овој Црвен крст да биде оспособен да изврши некои функции што можат да станат многу витални за државата во одреден момент.

Од тој аспект ја поддржувам расправата и, пред се како отворање на проблемот на расправа по Законот за Црвен крст кој, иако е донесен, тука се оперира во документите со зборот "нов закон" да потсетиме дека постојниов е нов,1донесен пред крајот на мандатот на минатиот созив на Собранието. Веројатно треба повторно да расправаме за тој закон од сегашен аспект, особено политиката што го следи извршувањето>на тој закон.

Во таа насока не можам а да не го споменам, конкретно по овој предлог за донесување на закон, интересното мислење на Владата што до ден денеска и по новиот амандман не е повлечено. Кое мислење, за жал, Владата не најде за сходно да дојде и да го брани. Можам само да изразам жалење дека Владата не е подготвена да го брани тоа што до

пратениците го напишала. Можеби не толку од аспект на Црвениот крст колку од аспект на макроекономската политика, некои макроекономски параметри што Владата ги утврдува и ги пласира во функција, ги пласира како одредени одлуки, денеска да аргументира зошто тоа мислење треба да биде поддржано или не од страна на Парламентот. Затоа што проблемот на Црвениот крст од една страна, за што говорев, поддржувајќи го во Собранието ние навлегуваме во една друга сфера на некои утврдени макроекономски индикатори и поли- тики за оваа држава што, знаете, не зависат како нафтата и струја- та од една работа, туку се однесуваат на едно 10 илјади вакви работи како денешниов закон. И, сите тие дупчиња на бурето можат во одреден момент да станат нарушување на една пошироко замислена концепција.

Јас можам само да изразам жалење што Владата не најде за сходно да си го брани своето мислење денеска и да не убеди дека тоа е треба да го направиме.

VII/1.- ПЈ/ОМ

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Јас наполно го поддржувам , иако до мене не дојде од Комисијата, барем до мене, незнам во оваа гужва од седници на Комисија, на седница на Парламентот испреплетени дневно една со друга, не дојде друго мислење, освен она мислење во кое Комисијата не го поддржа на почетокот законот како што беше предложен, Меѓутоа, она што во тоа мислење сериозно ме задоволи е начинот на размислувањето на Комисијата дека финансиски средства со закон во основа не можеме да доделуваме, доколку немаме увид за досегашните финансиски приходи и расходи на одредени организации, за што тие се трошат и за што оваа намена ќе се искористи , односно зошто е потребна. Тоа би се однесувало генерално за сите закони кои ги поминуваме во Парламентот и дека секој кој предлага финансиски закони, мора да даде финансиска елаборација каков е проблемот сега , каква промена позитивна или негативна со законот предлага до ова Собрание и после тоа каква состојба очекува финансиска. Тој дел од мислењето, без разлика какво е сега мислењето на Комисијата, мислам дека треба , Ве молам немојте да ме прекинувате , се надевам дека тоа мислење ќе остане како една од ретките доблести на Собраниево во расправата по финансиските закони кога се однесува од било кој предлагач, вклучувајќи ја и Владата на РМ, која најчесто ни нуди финансиски закони без оценка на финансиската оценка, барем за нас пратениците, која пред тоа и после тоа ќе се содржи во законот. Ако се предлага во форма на закон, а во Собранието тоа е најчесто во нашата работа.

По однос на конкретната промена што се нуди со законот, би сакал да го истакнам следново.

VII/2.-

Прво, станиците за технички преглед , кои ќе треба да ја извршат оваа финансиска обврска спрема Црвениот крст од 1997 година во договор со Црвениот крст средствата ги насочуваат, како што знаете, по општинските организации, а не во Црвениот крст на Македонија. Црвениот крст на Македонија како централа и тоа функционира на некој начин. Меѓутоа, јас би сакал да упатам на неколку работи кои треба да се координираат во врска со овој закон и некои непрецизности, кои можат да произведат и некои проблеми внатре во Црвениот крст, заради нашата законска обврска. Општински организации на Црвениот крст, може да има наша претпоставка е, да има во секоја општина на Република Македонија. Тоа е право на Црвениот крст и на тие кои сакаат да го формираат во својата општина тоа здружение на граѓани во рамки на организацијата на Црвен крст , а тоа се 123 општини во Република Македонија. Што значи дека ние не можеме да размислуваме дека Црвениот крст функционира само во постојните 34 општини перспективно, а јас знам и Вие знаете дека во сите поголеми нови општински центри, се јавуваат нормални автономни потреби за сопствена организација, особено ако е тоа веќе поголемо село или град, помало гратче како нов носител на , како ново седиште на општинскиот центар. Што значи дека ние треба да во суштина проектираме ситуација која се поголем број на општински организации на Црвен крст ќе произлегуваат во РМ. Тоа значи дека станиците за технички преглед ќе треба средствата да ги уплатуваат на својата општинска организација. Меѓутоа станици за технички преглед во Македонија во овој момент нема ниту во старите постојни 35 општини во секоја. Што значи по постојново решение, станиците за технички преглед ги уплаќаат парите на општинската организација каде што се наоѓа седиштето на станицата за технички преглед, без оглед од каде се регистрира возилото кое доаѓа, а

имаме ние и општини во Македонија со свои општински организации каде што нема станици за технички преглед и тие најчесто во соседните општини по овој закон ќе го полнат буџетот на Црвениот крст на општинската организација на Црвениот крст , а ќе ги празнат касите на сопствената. Затоа што станиците за технички преглед не можат да вршат трансфер до 35, 40, 50 или колку ќе бидат општински организации, врз основа на регистарската табличка кој од каде доаѓа. Знаете тие си се вршат во Скопје, сите ги уплаќаат во Градската организација на Црвениот крст. Ако некој дојде од Куманово да регистрира овде тие пари не се трансферираат во Куманово. Е сега, новите општини кои ќе формираат своја општинска организација на Црвениот крст, и постојните кои немаат свои станици за технички преглед ќе се судрат со проблемот на неизвршувањето на овој закон од овој аспект.

И на крајот би сакал да го истакнам,да ја допрецизирам уствари расправата која се води овде по членот постоен 27, кој е предмет на промена со овој закон, каде што пишува дека во корист на Црвениот крст се наплаќаат надоместок од 0,5% од регистрација на моторни возила, и врз основа се оперира со апсолутниот износ на денари кој се наплаќа. Да кажеме дека најчесто надоместоците во Република Македонија при регистрацијата се одредуваат врз основа на не- каква контролирана цена од страна на државата затоа што ова исто така обезбедува некаква монополска положба во наплатата и за Црвениот крст, таа цена обично се наплаќа на цена која ја контролира државата, односно на основната премија за задолжителното осигурување на возила- та при техничкиот преглед. Меѓутоа станиците во овој момент ги на- плаќаат 0,5% како што стои во Законот од регистрацијата на моторните возила во кои спаѓа Вие

сите знаете кога регистрирате таму има еден список од 20-тина обврски , кои се надодаваат на цената на техничкиот преглед, кој инаку, не е предмет на државна регулатива. Тоа е пазарна цена, самата цена на услугата на техничкиот преглед, што значи дека процентот о,5 не се наплаќа во висина од 15-тина денари, туку се наплаќа во висина од вкупната цена која ја плаќа сопственикот на моторното возило во моментот на регистрацијата заедно со основната цена на осигурување , заедно со по желба зголемената цена на осигурување од разни случаи кои ги утврдува осигурителната компанија ако е тоа ЗОИЛ Македонија или "Вардар" или друга, и сите десетина или повеќе услуги кои државата финансиски ги наплаќа во моментот на регистрацијата, од кои некои се позајмени , да речеме Фондот за патишта, комунални дејности и други, Службата за помош и информации на патишта и т.н. Така, таа цена во просек достигнува 4,5 , па и повеќе илјади денари зависно од карактерот од возилото колку е тоа можно и т.н., што значи дека 0,5% на 5 илјади, на пример е 25, што е 80% повеќе од изнесената цена од 15. Иако овде се работи за мали суми, 15,20 денари , 25 или т.н. , сепак релативното отстапување на изнесените податоци е големо. Тоа се ближи накај 80% од цената за која ние овде зборуваме. А, ние сме должни да ги гледаме релативните односи на цените, затоа што со апсолутните односи не оперираме кога ги носиме нашите закони, најчесто, особено од аспект на покачувањето на цените. Така, мислам дека сите овие елементи треба да се имаат предвид и од суштински карактер за Црвениот крст како потреба за негово оспособување и од техничките проблеми кои ќе произлезат од овој аспект и од некои други проблеми, кои во државата ќе бидат по систем на домино загатнати од ваквиот начин на уредување на односите.

VII/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Дали уште некој бара збор?

Предлагачот, г-дин Јован Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, слушајки ги дискусиите морам да кажам дека, барем сите се сложуваме дека има потреба од донесувањето на измената на членот 1 од законот, но морам да изнесам одредени мислења кои што овде беа погрешно интерпретирани во врска со самиот закон, кој што постои за Црвениот крст и по Предлогот на измените во членот.

Тоа што го дискутираше колегата Ване , обврските од тој закон што се преземени, се преземени од стариот закон. Тие постоеја и порано во делот на плаќањето и по од поштата , од писмата спрема движењето на писмата од дискотеките, од влезните карти за културните манифестации, природни манифестации, само се пренесени во новиот закон. А, исто така, и делот за плаќањата од регистрацијата на моторно возило постоеше и во стариот закон пред донесувањето, само беше регулирано на ниво на општини, а не на ниво на државата, така што во тоа време имаше различни стапки. Тоа некаде во 1977-година се потпиша тој Договор меѓу општествено - политичките организации на ниво на општините за финансирањето на организациите , на општинските организации на Црвениот крст со цел да се подели нивната функција, посебно во унапредувањето на крводарителството. Добро знаеме што сите сме биле помалку или повеќе активисти и тој процент беше многу различен. Се движеше некаде од 3 до 6% по општините. Со донесувањето на законот тој се изедначи на 0,5% што мислам дека во

таа констатација се виде дека тие средства одеа во Републичката организација на смет- ка на Републичката организација, општинската организација од тоа, барем од сите обврски од законот што произлегуваа од членот 27 одеа во Републичкиот буџет и општинските организации останаа без извори на финансирање, освен она што значи организирање на курсеви за прва помош. Тоа сите го знаеме.

Состојбите кои што се евидентни во општинските организации во тој дел за нивно функционирање , тие ме натераат да предложам измена само на тој член на законот, кој што не го оптоварува буџетот и мислам дека не ја ремети макроекономската политика на државата. Се работи само за 0,5% зголемување на давачките од страна на имачите на моторните возила, што лично мислам, што лично мислам дека не ги оптоварува. Вака реално ако гледаме, а многу ќе им помогне на организациите, општинските организации на Црвениот крст.

Понатаму, нема никаква опасност дека некои општини ќе имаат поголеми приходи од уплаќањето на овие 1% односно зголемување на 0,5% а некои ќе останат без тие средства во зависност од тоа каде има станици за регистрирање на возила.

Денеска каде што постојат општински организации има секаде станица за регистрирање возила. Понатаму, сеуште не знаеме, можеби тогаш и ќе се наметне прашањето за додатни измени на законот за Црвен крст кога ќе ги регулира и односите во новоформираните општини. кои што и до ден денес барем не се сеуште формирани и сеуште активистите и членовите на Црвениот крст функционираат во старите општински организации на Црвениот крст. Па, според тоа една таква опасност дека тие, па малите ќе останат без овие средства, засега не постои.

VII/7.-

Во делот на финансиските трансакции што сега се прават при уплатата, исто така нема никакви аномалии. Еве зошто. Затоа што таму се наплаќаат во станиците, само што со законот се должни да ги насочуваат на Републичка сметка, а сега в' ги префрлаат на општинските сметки, на општинските организации.

Мислам дека, имаше предлог да се оди во две фази. Ако веќе Собранието се сложи и за една таква алтернатива, иако сметам дека нема неразјаснети работи кои што треба да се доизјаснат во измената на овој член. Би прифатиле едно такво мислење, ако еве матичната комисија, нема на тоа да бидат јас предлагач, си ја зема својата обврска тоа да го направи брзо и побрзо да дојде како предлог на закон и да се донесе. Зошто, верувајте дека секое залагање за донесувањето на овој закон се е полошо во општинските организации. Верувај- те, ми се јавуваат многу општински организации кои што имаат по еден или два вработени, кои што не зеле ни личен доход. Значи , личен доход, а треба да обават одредени функции. Обично своите активности општинските организации ќе ги имаат сега во март и во април. Преку цела година повеќе одат здравствено - просветните, но оние собирните акции сега почнуваат, а тоа е се со цел да се помогне на оние на кои што им треба. Дали се тоа собирни акции во облека, обувки или храна, почнуваат во март и во април. Дали ќе им дадеме можност тие да си ја обават функцијата или не, зависи од тоа дали ќе им се зголеми и материјалната основ ана тие општински организации.

Еве, оставам на Собранието по Предлогот да се изјасни дали ќе одиме во две фази или во една фаза, иако сметам дека не е законот обемен, не пречи да се донесе во една фаза.

VII/8 . -

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, сепак, би било добро Вие г-дине Николов како предлагач на што останувате?

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

ас низ образложението што го дадов имам одредени сознанија би одел во две фази, но со една опомена дека тоа побрзо врз основа на дискусиите ќе седнеме не само јас лично, еве, Комисијата заедно со претседателот на Комисијата , труд и социјална политика, која што е надлежна Комисија, ќе го предложиме Предлогот на законот. Се надевам дека, а тука е и претседателот на Собранието ќе ни дојде побргу во процедура, затоа што активностите, кои што ги очекуваат општинските организации дури сега почнуваат во март и во април.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа зависи од Вас, Вие можете доколку веднаш го подготвите деловнички ќе влезе во процедура во Собранието. За тоа нема никакви дилеми.

Молам, дали уште некој бара збор?

Г-дин Никола Г. Поповски.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Јас би сакал само едно дополнение, ако недоволно јасно се сфати мојата дискусија во првиот дел, зашто ја објаснував. Мислам дека ако оди законот во две фази што го предлага предлагачот, оваа дискусија би ја насочил во насока да биде земено предвид. Ако не беше јасно јас сега ќе го кажам децидно што мислев за втората фаза.

Мислам дека е добро зголемената цена од 1% на цената на регистрација во корист на Црвениот крст со овој закон да се оди од 0,5 на

1% значи, 1% на цената на регистрација, се зголемува цената за 0,5%, но станува 1% од цената на регистрацијата дека е добро да не стимулираме. Со овој закон ние стимулираме дека парите одат во Црвениот крст, меѓутоа не даваме законска одредба со која ги насочуваме парите. Тоа може да се сфати дека една општина, било која, има две илјади регистрирани возила, ќе ја стимулираме да создаде општинска организација на Црвениот крст, затоа што на 2 илјади регистрирани возила ќе има годишно само од Црвен крст 3 илјади марки во денарска противвредност под услов ако возилата еднаш се регистрираат. Има возила што се двапати должни по два пати годишно да регистрираат на 6 месеци. Над 3 илјади марки ќе имаат автоматски приход по овој. Едноставно ги стимулираме да основаат општинска организација на Црвен крст, 3 илјади марки се од прилика бруто плата за 200 марки нето на годишно ниво и ние едноставно стимулираме Црвениот крст да се шири административно.

Сакам да кажам дека е потребно со овој закон да се утврди дека 1% од регистрацијата на моторни возила одат за наменски цели што се со законот утврдени. А, кои се предлагачот, веројатно знае добро и тој ги образложи. Дали крводарителство, дали друго, трето или\ сите или селективно, меѓутоа добро е Собранието кога насочува пари од граѓаните од една организација да не дозволи да бидат употребени за лични доходи и административни цели , туку само за намени на таа организација, кои се на некој начин јавни овластувања или јавно делување на таа организација.

Затоа тој дел од законот, тој дел од новиот закон би требало да биде со намената за која се насочуваат овие средства.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Суштината на проблемот ја покажа и денешнава дискусија. Јас во моето излагање реков дека е потребна реорганизација т.е. промена на целиот закон за Црвен крст. Предлогот за регионален пристап, Предлогот за локален и рационален пристап би сакал да влезат во основа на подготовка во втората фаза на овој закон ,и тука да важат промените.

VIII/1/НН/лј

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:** (продолжение)

Втора работа што е битна сметам дека она што го чувме во однос на висината на цената, ние денес чувме за тие 0,5%, кои што треба да се пренаменат наместо во Републиката треба да одат во општините. Говориме за Црвен крст, организација во постојните стари општини, не во новите а, регионалниот принцип би ги прифатил тогаш и деловите од новите општини и така би се реализирала таа работа.

Сакам да појаснам во однос на цената. Цената е 15 денари или нешто повеќе просечно, бидејќи не е на севкупната цена не може да делот што припаѓа на Министерството за внатрешни работи да се стави 0,5%. Не се става 0,5% на делот од човекова околина. Во тој дел има некои промени и сметам дека она што го искажав е во тие рамки и може да варира горе-долу.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор.

Има збор Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека извештајот од Комисијата е присутен кај сите пратеници за она што дискутиравме по првиот предлог. Сега имаме измени и дополнувања, меѓутоа, сепак, имаме недообјаснети состојби до крај и лично и ние како Комисија потврдивме дека сепак има потреба да добиеме финансиски показатели од Републичкиот одбор на Црвениот крст, нормално и од општинските и со едни такви податоци можеме да влеземе во конечно донесување на измени и дополнувања на самиот закон.

Во тој контекст заради рационалност не гледам на предлагачот на овој закон, овој закон да оди во две фази. Денес Собранието исклучиво да расправа само за предлогот за донесување на Законот, а потоа откако ќе ги добиеме сите општи податоци можеме да расправаме и по втората фаза.

Мислам дека предлагачот би требало да излезе и да го предложил законот како предлог за донесуваше на закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието (5 му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за црвениот крст на Република Македонија.

Второ, предлагачот на законот да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите изнесени во расправата.

Трето, овој заклучок да се достави до пратеникот Јован Николов, како предлагач на Законот, Владата на Република Македонија Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака.

55 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?

3 пратеници се воздржуваат од гласање.

Колку пратеници имаме во салата?

(Во салата имаме 64 пратеника).

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Предлагам да направиме пауза до 15,30 часот, па потоа да продолжиме со преостанатите точки.

(Пауза од 14,50 до 15,45 часот).

(Седницата продолжи со работа во 15,45 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по точката 10. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачја на единиците на локална самоуправа со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот, мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор.

Има збор г-динот Харуни, предлагач на законот.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и г-до пратеници.

Повод за денешната расправа по оваа точка на дневниот ред е барањето поднесено до Министерството за правда од Советот на месната заедница село Мердита општина Вруток застапувана од нејзиниот претседател на Месната заедница Екрем Ислами. Ова барање е доставено до ресорното министерство на 22.10.1997 година..

Во одговорот по ова барање што ресорното министерство го има доставено на месната заедница село Мердита општина Вруток заклучокот е: од увидот законската регулатива по ова прашање Министерството за правда утврди дека населеното место со називот Мердита не е регистрирано во ниеден закон за територијална и административна поделба на Република Македонија". Тоа е вистина и Законот за територијална поделба на Република Македонија излезен 1965 година тука е, точно е дека не фигурира.

VIII/4 . -

Со важечкиот закон за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локална самоуправа Службен весник на Република Македонија 49/96 во точката 30 член 8 во општината Вруток не постои населено место со називот Мердита. Точно и новиот закон што е донесен 1996 година за територијална на поделба на единиците на локална самоуправа во Република Македонија и со тој закон истото населено место не е предвидено.

Согласно членот 3 од цитираниот закон сметаме дека одговорот на ресорното министерство "Оснивањето на населените места и утврдувањето на имињата на населените места изричито се врши со овој закон. Поради тоа, што сметаме дека ова барање треба да се даде во форма на иницијатива за измена и дополнување на Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локална самоуправа". Значи, сходно на тоа што е даден одговорот од ресорното Министерство јас врз основа на член 171 став 1 од Уставот на Република Македонија и на член 287 став 2 и 294 став 1, од деловникот на Собранието на Република Македонија поднесов предлог за донесување на закон за промена на законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа.

Причините поради кои треба да се донесе Законот во Предлог законот се дадени. Со овој предлог на закон за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локална самоуправа Службен весник на Република Македонија број 49/96 во членот 8 каде што се определени општините во Републиката со на- селените места во точка 30 во општината Вруток селото Мердита не определено како населено место во состав на оваа општина и покрај тоа што ова населено место не се памети од кога и постои. Со оглед на тоа

што селото Мердита отсекогаш постоело како посебно село, порано под поранешната општина Гостивар, а сега во состав на новоформираната општина Вруток се предлага со дополнување на законот во состав на општината Вруток да се определи населеното место да се определи местото со називот Мердита. Ова лично што јас инсистирам да се внесе во законот не е новина дека тоа населено место сега е новоформирано, туку селото постои уште од поодамна.

Законот чие донесување се предлага се заснова врз истите начела врз кои се заснова законот што се дополнува. Со оглед на тоа што не е во прашање сложен и обемен закон, согласно член 316 од Деловникот на Собранието на Република Македонија се предлага предлогот на законот да се претресе на оваа седница на Собранието на Република Македонија.

Тоа што претседателот на Собранието, г-дин Тито Петковски рече дека мислењето на Владата на Република Македонија е негативно дадена за конкретниот случај, може би е моја грешка што Предлогот на законот што го поднесовме ние, требаше и релевантната документација да се достави до ресорното министерство и до Владата на Република Македонија. Меѓутоа да беше така јас овој предлог на закон не ќе го поднесов пред Собранието на Република Македонија и да се укаже дека тука е направена грешка. Направена грешка. Прво, од ресорното министерство, па потоа од Владата на Република Македонија, а дел и наша грешка што ние навреме не реагиравме уште кога овој закон се донесуваше.

Уставен основ за донесување на законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалните единици е член 68 став 2, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија.

Второ, оценка за состојбите и целта што ќе се постигне со овој закон исто така е заснована врз Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на

локалната самоуправа службен весник на Република Македонија број 49/96 во член 8 каде што се определени општините на Република Македонија со населените места. Во точката 30 село Мердита не е определено како населено место во состав на општина Вруток.

Бидејќи селото Мердита отсекогаш постоело како посебно село, порано под поранешната општина Гостивар, а сега во состав на новоформираната општина Вруток по донесувањето на законот за територијалната поделба на Република Македонија и определувањето на подрачјата на единиците на локална самоуправа настанаа компликации при создавањето на потребните лични документи на населението од ова село. Ова особено се однесува на вработените во странство кај кои во документите за лична идентификација и патни исправи како место на раѓање стоело село Мердита а сега стои село Вруток што создава забуна кај работодавците и недоразбирање при добивањето на изводи на венчани, изводи на умрени, лични карти и друга лична документација.

Од овие причини се предлага со дополнувањето на законот во точка 30 на членот 8 во состав на општина Вруток да се определи населено место со називот Мердита. За спроведување на овој закон не се потребни посебни финансиски средства затоа што и овој закон не е толку обемен ниту може некоја друга потешкотија да предизвика.

Кажаното во образложението го поткрепувам со следните документи: потврда од месната канцеларија општина Вруток дадена од Раска Ангелковска, и во потврдата таа наведува: По извршената проверка на матичната книга на родените на село Вруток, Гостиварско установено е дека уште од 1900 година имаме лица запишани во книгата на родени со место на раѓање село Мирдита Гостиварско и место на живеење село Мердита - Гостиварско заведени родени во село Мердита - Гостиварско. Имаме, значи од 1900 година наваму, сета таа документација на луѓето

што ги имаат што заправо располага и месната канцеларија од село Вруток. Потврда од месната заедница од село Вруток општина Вруток исто така дека во рамките на тоа село постои и Месна заедница.

Трет документ, документ од Историскиот Архив во Тетово, исто така, дека село Мирдита постои од не се знае веќе од кога тоа село постои.

Четврто карта за градежниот реон на село Мердита исто така, и таа карта ја имаме тука каде што е заправо извлечена градежна линија до каде селото може да се прошири.

Петто, одлука о формирање месна заедница село Вруток од 1979 година пошто било уште тоа време и донесено.

IX/1 ДВ/НД

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Во оваа документација, исто така имам државјанство што го имаат добиено граѓаните од село Мердита со живеалиште и роден во село Мердита, Гостиварско.

Имаме исто така даден извод од матичната книга на граѓаните со назив село Мердита Гостиварско, исто и извод од матичната книга на венчаните, постои место на раѓање и место на склучување на брачната заедница на евидентираните во месната канцеларија во село Вруток која исто така постои.

Имаме лична карта и другите податоци за место раѓање на лица во село Мердита Гостиварско. Патна исправа исто така, пасош издаден каде се кажува дека е роден во село Мердита, Гостиварско. Возачка дозвола исто така место на раѓање село Мердита Гостиварско.

Имам тука цел архив кој се однесува за граѓаните на тоа село и за друга документација, не само лична туку и одобрение за градба од ресорното Министерство за градежништво, издадена во подрачната единица во Гостивар, каде вели се одобрува на инвеститорот Исљами Екрем, тоа го само наведувам како пример од село Мердита за изградба на индивидуална семејна зграда, така како што има приложено и соодветна документација.

Основниот суд во Гостивар исто така досега има дадено уверени! за неосудени лица со називот на местото на родени село Мердита - Гостиварско.

Од Заводот за статистика на РМ, исто така адресирано до месна заедница село Мердита Вруток. Понатаму уверенија,покани, уплатници од Министерството за финансии на соодветните граѓани, се дава на село

Мердита Гостиварско. Воените кништи и воените регрути исто така и ден денес ги добиваат поканите со село Мердита општина Вруток.

Да не ве замарам повеќе, со тоа што мислењето што го има дадено Владата на РМ, одговара вака:

Владата на РМ на седницата одржана на 2 март 1998 година го разгледа предлогот за дополнување на Законот за територијална поделба на РМ и определување на подрачјето на единицата на локалната самоуправа, со Предлог на закон поднесен од пратеникот Сејфедин Харуни, заклучи да му предложи на Собранието на РМ да не го донесе овој закон, бидејќи согласно Програмата за работа на Владата на РМ за 1998 година, Министерството за правда како надлежен орган треба да подготви измени и дополнувања на овој закон и во рамките на таа постапка да ги има предвид и изменувањата што ги предлага пратеникот Сејфедин Харуни.

Владата тука не е во право кога кажува дека ќе ги има предвид изменувањата што ги предлага пратеникот Сејфедин Харуни. Сејфедин Харуни не предлага изменување на конкретниот закон, туку дадениот пропуст во конкретниот случај со село Мердита да се дополни.

Јас мислам дека Владата на РМ и надлежното министерство го изменила само поради тоа што се раководи од она што таа канцелариски ги има направено и донесено овие закони. Вакво како што е презентирано мислењето на Владата на РМ по овој предлог на закон за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за територијална поделба на РМ и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа со Предлог на закон, веќе ни е јасно дека таа и ресорното Министерство не се пуштиле воопшто да го разгледуваат Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за територијалната поделба на РМ и определување на

подрачјата на единиците на локалната самоуправа, што со Предлог на закон сум го поднел како предлагач на законот.

Овој проблем не е таков како што го наведува Владата на РМ со даденото мислење, туку овде се работи за пропуст направен од ресорното министерство што не е наведено село Мердита што не се памети од кога тоа населено место постои. Ова село има 47 куќи и над 300 жители и се наоѓа на делот кога се оди према Маврово, десно кога се поминува реката Вардар.

Селото по законот за територијална поделба на подрачјето на РМ е префрлено да биде како дел од село Вруток. Село Вруток воздушно е два километри оддалечено од село Мердита а до него е село Вруток со далечина од 1000 метри.

Јас во моето образложение толку а останува на Собранието да заклучи и предлагам истиот закон да го донесе.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Од ова што го слушнавме од мојот колега господинот Харуни, треба да се изгради еден став или принцип со кој ние веројатно и понатаму ќе се среќаваме, затоа што, дискутиравме ние и во парламентарната група ни се појавуваат вакви случаи каде што пратениците од одредени изборни единици треба да преземат нешто затоа што ова е поим.

Точно е тоа дека, кога го донесовме Законот за територијална поделба на РМ, тогаш како да се изгради еден став дека не треба да се оди на измени и дополнувања на овој закон затоа што ќе имаме вакви појави каде што населени места и понатаму ќе изразуваат желба за да

спојат односно да припаѓаат на одредена општина. И се согласувам со тоа дека такви проблеми ќе имаме, или ќе имавме досега затоа што ќе покренат и пратениците од изборните единици, како што имавме случај. Меѓутоа, тука се работи за нешто друго. Од овие аргументи што ги изнесе господинот Харуни, не се работи за измена и дополнување на Законот за територијална поделба на РМ, едно населено место од одредена општина или локална самоуправа да припаѓа на друго, туку населено место заборавено како географски поим, или како населено место со име. Јас веќе слушам такви појави има и на други места. Еве да речеме во едно скопско село од единицата за локална самоуправа мислам дека е Петровец. Има исто така едно село односно населено место што има над 50-60 фамилии односно куќи што исто така никаде не е регистрирано како населено место.

Можеме ние да изградиме став, да речеме да немаме почеста појава за преминување на населено место од општина во општина затоа што тоа ќе биде општа појава и ако се занимаваме со тоа, ќе биде многу тешко. Меѓутоа, ако ни се случува дека во РМ ни се јавуваат три-четири или пет-шест населени места кои воопшто ги нема, значи како да не постојат, а дефакто постојат, тогаш мислам дека тука се работи, мораме да внимаваме и на дигнитетот на тие граѓани кои живеат во едно такво населено место, затоа што сите велиме родно место ми е ова или моето место е таму. Знаете ли колку е тоа чувствително да постои лична карта, да постои документ дека си роден во тоа село во кое сеуште живеат луѓе а денес да не постои во тој закон за територијална поделба или никаде како географско место.

Малку е тешко сега да се убедуваат колегите пратеници, иако господинот Харуни со аргументи и документи ни предложи тука, меѓутоа, некако тешко како пратеници се одлучуваме позитивно и тн. затоа што поаѓаме од еден став, изграден не пишува никаде дека, еве да не

чепкаме во Законот за територијална поделба и остануваме тука. Или Министерството за правда, или Владата ако веќе е некоја, мислам тешко поминуваат закони или измени и дополнувања на закони кои се предлагаат од самите пратеници затоа што од Владата имаме негативно мислење итн. и тогаш нормално дека пратениците како што е обичај тоа го и аминуваат. Меѓутоа, не знам, ако не тогаш дајте на овој начин да им овозможиме и на другите пратеници кои имаат вакви и слични појави во нивните изборни единици или од каде што доаѓаат, да помине една ваква иницијатива односно еден предлог на закон за да можеме да го исправиме тоа, а такви исправки, веројатно едно четири пет ќе ни се појават во РМ.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, денес имаме на дневен ред еден предлог на закон за измена на Законот за територијална поделба на РМ. Вакви предлози, се сеќаваме имавме малку повеќе и се сеќаваме дека тие предлози ни еден не помина овде пред Собранието. Секогаш беа со негативно мислење од Владата, од познати причини, а последното негативно мислење поради тоа што се очекува, Владата се подготвува да изготви нова целосна измена на постоечкиот закон за територијална поделба на РМ.

Сигурно во свежи сеќавања ви е ноќта кога овој закон го носевме и цврстото стоење на министерот на предлогот што беше даден за тоа да не зборувам. Меѓутоа, мислам дека е време да направиме еден чекор напред и одредени работи да ги надминеме. Нека биде ова денешното, јас така мислам дека треба така да постапуваме, да го прифатиме предлогот и да ги извршиме измените. Зошто?

IX/6.-

Мислам дека господинот Харуни како предлагач даде еден куп аргументи кои зборуваат во корист на прифаќањето на законот. Не знам како би можеле ние да се правдаме и да не прифаќаме ваков предлог, ако знаеме дека во стварноста постои, би рекол дека постои и во сегашна Македонија, велам сегашна, мислам на после осамостојувањето, иако како што видовме од документите со кои располага господинот Харуни, постои како населено место уште од 1900 година. Со тоа мислам не правиме ништо лошо туку само ќе исправиме една работа која што еве да кажам така условно речено, е испуштена.

Предлагачот исто така кажа дека не се прави а ми се чини и господинот Рамадани тоа го истакна дека не се прави овде сега да се префрла едно населено место во друго населено место, бидејќи знае- ме дека тешко може да оди таа работа, ќе настанат проблеми. Меѓутоа, овде станува збор само за внесување на едно населено место кое практично постои. Не е ова ниту, не знам како да се изразам, не претставува некоја теорија. Ова е практика. Сите документи, и документи издадени денес зборуваат за тоа дека тоа постои.

Еден од мериторните органи, барем што се однесува до одредени податоци е и Заводот за статистика. Тој тоа го потврдува. Се обраќа до тоа населено место а ние населеното место го немаме. Мислам дека тоа е извесен преседан иако морам да признам дека во постоечкиот закон има и такви пропусти како што е, да кажам еден пропуст и во Дебар односно му припаѓа на дебарска општина едно населено место кое воопшто не граничи со општината Дебар. Тоа населени место фактички претставува оаза во центар Жупа. И сега локалните избори кога беа така се изведоа, тие луѓе од тоа населено место гласа во Дебар наместо да гласаат во центар Жупа. Такви работи знам дека има, бидејќи имавме повеќе предлози но овде очигледно дека не се работи за таков случај, па

според тоа мислам дека треба да правиме чекор напред и да ја надминеме состојбата со тоа што би го прифатиле Законот.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Немав намера да излезам на говорница бидејќи во образложението јас го кажав се тоа што требаше да се каже. Меѓутоа, претходниот дискутант господинот Ајдарага рече дека селото постои од 1900 година па наваму. Не е точно. И пред XV-от век таа локација тоа населено место постои, туку од 1900 година наваму потврдата издадена од месна канцеларија село Вруток потпишана од Раска Ангелкова, потврдува дека во евиденција на матичните книги на родени венчани и умрени има евиденција дека за село Мердита се издадени од 1900 година па наваму. Грешката е исто кај мене, кај предлагачот затоа што сета таа документација со која јас располагам ќе требаше на сите пратеници да им ја поделам. Нема документ кој не се издава со називот на село Мердита. Јас тие што ги наведов тука ми се и ако Собранието сака јас ќе ги умножам и за десет или 15 минути секој од присутните пратеници таа релевантна документација ќе ја има пред себе. А дека Владата на РМ и ресорното министерство имаат поднесено мислење за конкретниот случај, јас мислам дека тука е грешката кај нив направена уште од почетокот, а дел од таа грешка е и наша што тоа не го уочивме на време. Инаку дека тоа постои, постои. Ние, а конкретно јас не барам да и припаѓа на друга новоформирана општина, туку таа заправо и припаѓа на село Вруток. Ние не бараме тоа да и се приклони на општина Гостивар или на некое друго општинско подрачје.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ** (продолжение)

Реков дека има 47 куќи и ден денес има над 300 жители. Тоа што го цитирав пред малку и Законот за локална самоуправа од 1965 година, јас ги имам тука сите села во гостиварска општина и во овој Закон село Мердита не постои. А, сега со новиот закон исто така во точка 30 Вруток со населените места Долно Јеловце, Горно Јеловце, Здуње, Лешница, Печково, Равен и Речане и Мердита. Инаку, тоа село и ден денеска постои.

Во новиот Закон, исто така, можам да речам дека во него доста села не постојат, можеби тие го имаат предвид тоа што немаат населени луѓе тука, а случајот со Мердита, не е ист. Во Долна Бањица има село Сушица, нема ниту еден жител. Во Маврови Анови имаш десетици села кои денес воопшто немаат ниту еден жител, а во Законот за локална самоуправа фигурираат како населени места. Такви има и во општина Србиново. Таков е случајот со Ќафа, Граванец, Равше Маало итн или пак село Куново каде што воопшто жители на тоа подрачје нема, а се опфатени со Законот за локална самоуправа.

Јас му предлагам на Собранието ова да го прифати дека е направена грешка и тој пропуст од ресорното министерство да се поправи. Инаку, ќе беше Владата во конкретниот случај да беше ново населено место кое бара назив, кое бара име и да се прикпучи кон некоја ново создадена општина тоа би било во склоп на оној одговор што го имаме добиено од Владата на Република Македонија.

Јас мислам да требаше Предлогот на законот да го однесам до Владата на Република Македонија со овие упатства таму ќе го поднесев. Туку му предлагам на Собранието ако сакате за 10 - 15 минути целата таа документација што ја имам да се умножи и да ја имате и да видите

дека село Мердита постои во сета лична и друга документација што ја поседуваат граѓаните од тоа село.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за територијалната поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа.

Кој е за молам да крене рака?

(21 пратеник гласаа за)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (34 пратеници).

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Минуваме на точка 11- Предлог за донесување на закон за обезбедување на средства и начин на исплата на штедните влогови на штедачите во штедилниците ТАТ Битола, Алфа - с АД - Скопје и Лавци - Охрид, со Предлог на закон.

Деловничка интервенција бара господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас имам деловничка интервенција за точката 10, а вие ја читате точката 11. Ние немаме 81 пратеник за да се изгласа конкретниот Предлог на закон. Ако имаме 81 пратеник присутни во Собранието тогаш тој заклучок и од Собранието вреди.

Х/3

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не. Тоа за овој закон не важи. Тоа важи за Законот за локална самоуправа.

Минуваме на 11 точка што пред малку ја најавив.

Предлогот на законот и Мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор господин Томислав Стојановски, предлагач на Законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, овој Закон беше доставен пред месец и пол дена и јас бев иницирак овој закон да го предложам од повеќе причини.

Основна причина беше заклучокот што на ова Собрание е донесен на 17 јули минатата година, со кој ја задолживме Владата да преземе мерки и ја разгледа можноста за преземање на целокупната актива од трите пропаднати штедилници.

Друг мотив за да се зафатам со овој Предлог на закон беше охрабрувањето што јас, а верувам и пошироката јавност го доби со Одлуката на Уставниот суд каде што практично се укинува одредбата за докажување на потеклото на штедни влогови повисоки од 50 илјади германски марки што беше вградена како една од одредбите на веќе донесениот закон за предвремена исплата на дел од штедачите во висина од три илјади германски марки во шест еднакви месечни рати.

Оваа одлука на Уставниот суд кај мене внесе еден оптимизам дека Ќе се изнајде начин и можности да се поврати довербата на граѓаните во институциите на системот вклучувајќи надеж дека повторно ќе може да се реафирмира и реанимира потребата од штедење.

Исто така разрешувањето на овој процес со многу манипулации дури и со иземање на компетенции на одредени судски органи и менување на стечајни судии, стечајни управници и сега доверители, кај мене внесува една загриженост дека овој процес ќе се одолжи и практично има опасност од обезвреднување на имотот на овие пропаднати штедилници што треба да биде основа за обештетување на граѓаните што беа штедачи во овие штедилници.

Времениот закон сигурно дека значеше едно премостување и во функција на она дека сме социјална држава тој закон се уште е во функција со напомена дека многу приговори кои се позитивно решени се уште не се ефектуирани и треба да се ефектуираат.

Почнувањето оваа афера да оди во заборав беше додатен мотив јас повторно да предложам еден закон кој што ќе значи дека не сме ја заборавиле оваа афера, дека и понатаму и мојот и вашиот интерес и на пошироката јавност е дека вистинските виновници на оваа афера не се посочени без оглед на судењата во Скопје и Охрид, дека се уште на јавноста некој и должи кој се тие луѓе што профитирале, кои се тие граѓани кои што ги извлекле своите влогови со привилегирани камати и се она што значи конкретен интерес за да оваа афера дојде до својата завршница.

Меѓутоа, сигурно дека овие мои мотиви не ќе беа доволни ако јас не бев повикан од асоцијациите на штедачи во Битола на еден разговор од кои што излезе потребата да одржам средба на 21 јануари со околу стотина штедачи на која што јас бев замолен да присуствувам на митинг на штедачи што го прифатив во интерес на граѓаните и тој митинг на кој што беа присутни повеќе илјада граѓани практично ме обврза да предложам еден закон кој што ќе значи повторен обид проблемите со ТАТ да почнат да се разрешуваат, без илузии дека овој закон ќе ги разреши.

X/5

Меѓутоа, во понатамошните контакти со одредена група на така наречени лидери на овие асоцијации, јас дојдов до одредени други сознанија кои што кај мене внесоа и една резерва дали практично овие луѓе сакаат аферата ТАТ да биде разрешена. Дури при конечната верзија на овој закон еден од присутните лидери изрази загриженост и јавно пред неколкумина рече, па, господине Бомбај, знаете ли дека овој закон ќе го прифати Владата. Јас реков затоа и дојдов. Дојдов да предложам закон што Владата ќе го прифати.

Тоа за мене беше сигнал дека практично нешто се случува зад мојот грб и дека се некои други сценарија во игра. И, да не Ве заморувам повеќе по неколку контакти јас дојдов до следниот заклучок, дека многумина од овие луѓе практично и не сакаа аферата ТАТ да биде разрешена. Јас ќе ги именувам поединечно за да најголемиот број на чесни штедачи, скромни луѓе, граѓани со кои дојдов во контакт, да преземат понатаму мерки да се ослободат од услугите на еден Менде Младеновски, на еден Кире Колачев, на еден Гоце..., на еден Александар Борјановски, на еден Методија Продановски и уште неколкумина и да се изберат други луѓе кои што не штеделе со привилегирани камати, на кои што јас ќе им пружам и понатаму сесрдна поддршка и понатаму се во интерес на граѓаните кои што се спремни да сфатат дека аферата ТАТ ќе има разрешница ако има расположение од најголемиот број на штедачи, не од овие што ги именував да бидат обештетени со главница и со прифатливи разумни камати.

Тоа значи дека јас ќе контактирам со овие граѓани кои што се спремни да соработуваат на овој начин, а во интерес на ова што значи дека во судските спорови во Скопје и во Охрид се појавуваат и компетентни сведоци и многу компетентни и нај компетентни и со оглед дека Владата по овој закон има негативен став, јас сметам дека е најрационално овој мој предлог јас денеска да го повлечам, да

продолжам да контактирам со Владата и со штедачките асоцијации во интерес на изнаоѓање на рационално и разумно решение. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Деловничка интервенција бара господин Видимче. (Реакција на пратениците во салата).

Во врска со ова нема точка, за деловничка интервенција има право, Ве молам.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Деловничката интервенција за моето излегување се однесува на следното. Сепак, ние како пратеници и како луѓе кои треба да ги претставуваме овде граѓаните , во најмала рака треба да стоиме зад интересите на граѓаните.

Второ, што е многу битно, треба да ја зборуваме вистината. Јас само да потсетам дека штедачите од Битола не го сакаа овој закон затоа што тој

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, не, Ве молам, господине Видимче, Ве молам, Ве молам, ова не е деловничка интервенција.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Затоа што тој беше против нивните интереси. Затоа што господинот Бомбај потпиша со нив договор дека ќе го смени текстот на законот. Тој договор не го почитуваше.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова не е деловничка интервенција, Ве молам.

Минуваме на точка 12.

X/7

Дали имаме претставници на Владата. (Да).

Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Демократска Народна Република Кореја за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлогот на законот, и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Демократска Народна Република Кореја за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

(50 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (еден пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Колку пратеници има во салата?

Уште еднаш Предлог заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (56 пратеници).

Дали има некој против? (еден пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (еден пратеник).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (51 пратеник).

Дали има некој против? (еден пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (61 пратеник).

Дали има некој против? (еден пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Демократска Народна Република Кореја за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите.

Минуваме на точка 13.

Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите, со Предлог на закон.

Предлог за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на работните тела Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор господин Сапи Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Вечерва после првите три спогодби кои беа ратификувани на 85-тата седница на 11 февруари 1998 година денеска на дневен ред се наоѓаат уште шест такви и слични за ратификуваше со Република Албанија и тоа Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите, со предлог на закон, Спогодбата за трговија и стопанска соработка , за регулирање на малограничниот сообраќај на лица во пограничните зони, за меѓународен превоз на патници и стока во патниот сообраќај, за соработка на полето на ветеринарната медицина и денеска за взаемна помош и соработка меѓу нивните царински органи. Додека понатаму на 87-та седница закажана за 25 март 1998 година се предложени уште пет други и тоа исто за екстрадиција, за меѓусебно извршување на судски одлуки во кривичните предмети, за правна помош во граѓанските и кривичните предмети, за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал и за заштита од фискална евазија , за соработка во областа на на штетата на растенијата , а во меѓувреме се очекуваат и некои други спогодби. Бидејќи за првите три спогодби не само што се јавив прв, туку бев и единствен пратеник кој дискутирав, и јас единствено интервенирав со амандмани и тоа за сите девет членови кои обично ги имаат предлозите на закони за ратификации на спогодби со три поврзани .Така што и во дебата и за време на одбраната на моите амандмани се изјаснив подетално. Бидејќи и овие шест денешниве и пет идни, а претпоставувам и некои други од слична сорта со исти пропусти, грешки итн. а бидејќи начелно да игнорирам самата ратификација на овие предлози за закони и спогодби и како таков не се впуштам во големите недостатоци на содржините на истите како и за овие шест денешниве, така и за петте идните итн. со познатото начело да се измени тоа што може да се измени и понатаму ако може да се

споредува. Мојата дискусија за првите три спогодби, моето образложение и одбрана на првите три амандмани во целина важи и за овие спогодби како и за идните од оваа и слична врста. Бидејќи се работи за исти забелешки, сугестии и тотално негирање од исти изнесени претходни причини кои не само што не отпаѓале, туку и се утврдувале на доследен начин и без никаква дилема, додека времето ќе ги конфирмира и на многу појасен начин и без никаква дискутабилност. Заради овие причини иако можам да дискутирам и за овие шест денешни спогодби, како и за петте идните итн. од друг агол од друг аспект, потенцирам и без да ги анализирам и понатаму критички и нивните содржини не би сакал не само да не се повторувам, туку и да не должам од објективни и субјективни причини. Додека при оваа прилика мојата претходна дискусија, образложение и одбрана на амандманите ги пренесувам екс официо и ги приложувам како составен дел на стенографските белешки и при оваа прилика како за овие шесте, денешниве, така и за идните пет спогодби итн, заедно со соодветните амандмани за да не излегува денеска најмалку уште седум пати, на идната седница најмалку уште шест пати итн, на говорница, освен другото и кога се знаат какви се привремените сили во овој дом и како ќе биде исходот на истите. Само со една генерална реченица, некои од овие спогодби се многу штетни скоро за двете страни, во некои има нешто позитивно за еден мал број на граѓани од двете страни, но со проценти не може да се гласа. Додека да беа во прашање добронамерни спогодби,на пример за нострификација на дипломи и други документи, или пак за соработка во областа на образованието, а посебно со трите универзитети на РМ и осумте универзитети на Република Албанија те за културна, научна и друга релевантна соработка ,тогаш кога ќе беа во полза на поголем број на граѓани од двете страни и од капитално значење и кога се во прашање вакви потписнички страни и домови за ратификација ќе можеше да се направи некаков корисен компромис.

Додека вака состојбата е иста и мојот став како и ставот на моите избирачи албанци и пошироко од тоа се знае и останува непроменет без оглед на тоа кој, како ќе го сфати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок. Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за ратификација на договорот меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (56)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (56)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на договорот меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за поттикнување и взаемна заштита на инвестиции.

Бидејќи сум замолен од министерот за надворешни работи, тој не е во состојба сега да дојде, а тој е претставник на Владата по овие предлози за донесување на закон, а со оглед на тоа што по 24-та точка, тоа е Предлог на одлука за основање на анкетна комисија на Собранието за испитување на состојбите за текот и резултатите од истрагата што се води во врска со извршениот атентат врз претседателот на Републиката. има барање од пратеничката група на ЛДП да учествуваат и премиерот и двајца министри јас предлагам да направиме обид тоа за утре, бидејќи и онака ќе продолжиме по овие закони, па ако се согласувате да продолжиме со останатите точки, да ги довршиме до крај.

Дали се согласувате ( се согласуваат)

Минуваме на точка 25 - Предлог за разрешување на претседател и судија на Основниот суд во Прилеп.

Предлогот за разрешување и дописот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Еве при доаѓањето на говорница ми префрлија, вие не сте пратеник од Прилеп, зошто вие се јавувате како адвокат на овој г-дин судија. Од овие причини што при самиот избор на сите судии ние од ЛДП дадовме безрезервна поддршка верувајќи им на сите кандидати кои ги предлагаше Судскиот совет. Сега влегуваме во една многу непрактична работа и не добра која ќе се мултиплицира со доаѓањето на новата извршна власт. Зошто го говорам ова? Затоа што ние немаме никаква информација за работата на овој г-дин судија. Едното укажување е дека Судскиот совет бара да се разреши почитуваниот судија Кирил Цветаноски од Прилеп, затоа што работата ја извршувал несовесно, непрофесионално, нестручно, имало многу дела нерешени и ред други работи. Другото укажување е дека самиот г-дин Кирил Цветановски бил учесник, т.е. штедач во штедилницата ТАТ со повластени камати. Би било добро да чуеме од претседателот на Судскиот совет што е правата вистина, дали овој судија треба да се разреши затоа што бил штедач во ТАТ со повластена камата, или е човек, судија кој својата работа ја извршувал нестручно и непрофесионално. Затоа што за овој судија ние сега да даваме суд е многу невкусно, затоа што ниеден од нас не може да ја цени стручноста и компетентноста на овој господин, затоа што и не го познаваме ние. Би било многу вкусно и добро претставникот на Судскиот совет да даде една карактеристика, да ни каже што се случува, затоа што ако стои дека бил повластен во штедилницата ТАТ, а еве имаме документ доставено дека има и решение дека не бил со фиктивни договори т.е. фиктивен штедач. Останува отворено прашањето дали ние не треба како Парламент да се занимаваме со сите тие шеесет, или осумдесет судии кои се инволвирани во штедилницата ТАТ. Сигурно дека отвораме еден нов процес, или треба овој господин да биде жртва за октоподот, или во крајна линија на овој господин му е отсудено, така

се зборува во куларите, затоа што не ја завршил работата за избор на градоначалник и претставникот од СДС изгубил. Дали тоа е неговата вина, затоа што не бил тој што требал да добие претставникот од СДС градоначалник во општина Прилеп. Ако се поведуваме под ова отвораме еден нов процес во Парламентот, затоа што власта ќе се смени. Се отвора прашање за сите идни судии, претседателите на судовите ги ставаме во една подредена положба, или ова треба да биде мерка , предупредување, дисциплинска мерка со опомена за сите претседатели на комисиите, затоа што доаѓаат изборите на есен. Ако е тоа, бидејќи го потврдуваат еве луѓето од СДС дека е тоа, мислам дека се прави многу грешна работа .

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте. Каде видовте тоа луѓето од СДС да потврдуваат.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-динот Марјан Начевски вика дека е тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да манипулирате, ве молам.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Јас би ве замолил вас вие да интервенирате како претседавач за да не дофрлуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам од место да не дофрлувате, а и немојте да се служите со манипулации.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Не знам јас што се сега манипулации. Вие секогаш се обидувате мене да ме прекинете.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжете со дискусијата.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Вие секогаш се обидувате мене да ме прекинете, а вие својата работа кога се истакнуваат овде на говорницата и албански застави не реагирате . Секогаш мене ме корегирате за некои работи кои не држат. Јас би ве замолил да ми дозволите да зборувам г-дине претседателе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ако зборувате во ред , ќе ве оставам.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Да, но вие ме сечете, секогаш ме сечете, секогаш ми упаѓате во збор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи не зборувате во ред, затоа.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Јас мислам дека вие не зборувате добро, ама што да пра-виме сега.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, тоа ќе бидете на тоа место, тогаш ќе кажете.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Па добро, ќе се смени власта.

Мојата забелешка би била да не се занимава Парламентот со ова, затоа што отвараме нов процес. Во моментот е малку смешно, но доаѓаат избори , еве Владата предлага и да ги заштити избраните свои функционери кои се во подрачните единци. Наметнуваме други мерки, што значи се отвораат некои работи кои не се добри. Би било добро да се повлече оваа точка и ако се суди на овој господин, треба да се суди на сите судии кои директно, или индиректно се инволвирани во случајот со штедилницата ТАТ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван претседателе на судскиот совет, почитувани пратеници, ако се сеќавате пред година дена јас од оваа говорница станав со една забелешка до Судскиот совет за еден судија од Куманово. Многу е лесно ние да дигнеме рака и да смениме некого. Мислам тоа е една одговорност која не би сакал да си ја земам на своите плеќи од една многу проста причина . Ние добивме едно известие од Судскиот совет за карактеристиките зошто сакате да го смените, всушност ние да го смениме во ваше име, ние да ја земеме одговорноста што има направено човекот. Тоа е едната работа. Постои друг документ каде што има и негови тврдења. Јас би ве молел од оваа говорница бидејќи не реагиравте на колегата едноставно нас да ни помогнете да дадете едно подолго образложение за сменувањето на претседателот на судот во Прилеп. Јас ве молам ако сакате да кажете.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот. Предлогот за разрешување го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (27)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (34)

Констатирам дека магистер Кирил Цветановски не е разрешен од функцијата претседател и судија на Основниот суд во Прилеп поради несовесно вршен>е на судската функција, како што стои во предлогот на Републичкиот судски совет.

Молам за една информација. Колку пратеници учествуваа во гласањето ? Шеесет и осум пратеници се присутни во салата.

Г-динот Поповски има деловничка интервенција.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас се извинувам, барам поддршка од 10 пратеници за поединечно изјаснуваше.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да, има поддршка од пратеници за поединечно произнесување. Го молам секретарот да премине на поединечно гласање. Пред тоа г-динот Ајдарага деловничка интервенција.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, го задржувам правото да излезам на говорница и да кажам како ќе гласам. Ќе гласам против разрешувањето од причина што, овде го имавме претставникот на Советот, не излезе на говорница. Тоа е едно.

Второ, во писмото наводите се кажани како во комунистичко време по однос на она што г-динот наводно штедел во штедилницата ТАТ мислам дека точно ги носиме одлуките како порано без да биде човекот осуден, ние го судиме. Мислам дека таква одлука не треба да се донесе и заради тоа ќе гласам против разрешувањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, дали уште некој сака да каже како ќе гласа? (не)

Одиме понатаму, секретарот да помине на поединечно гласање.

Се извинувам г-динот Чадиковски сака да каже нешто.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе на Судскиот совет јас Ве замолив како пратеник во ова Собрание да ни помогнете за да не настане недоразбирање, тогаш ќе сфатам дека вие манипулирате со нас.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Право е на претседателот на Судскиот совет дали ќе учествува или не во расправата.

XII/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Право е на претседателот на Судскиот совет дали ќе учествува во расправата или не.

Го молам г-динот секретар да помине на поединечно изјаснување,

Има збор г-динот Горѓи Стрезоски.

XII/3.-

**ЃОРГИ СТРЕЗОСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | против |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | не е тука |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | не е тука |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ | не е тука |
| 8. АМДИ БАЈРАМ | за |
| 9. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | за |
| 10. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | не е тука |
| 11. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | не е тука |
| 12. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ | не е тука |
| 13. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | за |
| 14. ИВАН БОЈКОВ | не е тука |
| 15. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | не е тука |
| 16. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | не е тука |
| 17. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | воздржан |
| 18. КИРЕ ВИДИМЧЕ | не е тука |
| 19. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | воздржан |
| 20. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 21. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | не е тука |
| 22. ТУШЕ ГОШЕВ | за |
| 23. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | за |
| 24. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 25. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | против |
| 26. ЛАЗАР ДИМОВ | не е тука |
| 27. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | не е тука |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | воздржан |
| 29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | не е тука |
| 31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | за |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ | не е тука |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | за |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ | за |
| 36. ЗЕЌИР КАДРИУ | воздржан |

| | |
|---|---|
| 37.ЗВОНКО КАРОВ | за |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | за |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | за |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | за |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | за |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | не е тука |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | за |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | воздржан |
| 45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА | не е тука |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | воздржан |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | воздржан |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА | за |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | не е тука |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | не е тука |
| 51. РИСТО МАСЕВ | не е тука |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | не е тука |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | за |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | за |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | за |
| 57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ | за |
| 58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | воздржан |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | за |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | за |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | не е тука |
| 63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | не е тука |
| 64. ВАНЕ НАУМОСКИ | за |
| 65. СИМОН НАУМОСКИ | за |
| 66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | против |
| 67. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | за |
| 69. РИСТО НИКОЛОСКИ | против |
| 70. БОРИС ПАВЛОВ | за |
| 71. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 72. МИРКО ПЕЦОВ | не е тука |

XII/5.-

| | |
|---|---|
| 73. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | за |
| 74. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | не е тука |
| 75. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| 76. НИКОЛА-Г-ПОПОВСКИ | за |
| 77. НИКОЛА-Р-ПОПОВСКИ | за |
| 78. АБДУРАУФ ПРУСИ | не е тука |
| 79. АЏИ ПУРДЕ | воздржан |
| 80. ИСМЕТ РАМАДАНИ | воздржан |
| 81. САЛИ РАМАДАНИ | не е тука |
| 82. ХИСЕН РАМАДАНИ | воздржан |
| 83. МИТКО РИСТЕВСКИ | за |
| 84. НАНО РУЖИН | за |
| 85. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | за |
| 86. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 87. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ | за |
| 88. КИРИЛ СПАСОВСКИ | за |
| 89. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | не е тука |
| 90. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | воздржан |
| 91. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 92. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | за |
| 93. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 94. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ | не е тука |
| 95. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | воздржан |
| 96. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ | за |
| 97. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ | не е тука |
| 98. МЕВЉАН ТАИРИ | воздржан |
| 99. ВЕЉО ТАНТАРОВ | не е тука |
| 100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 101. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ | против |
| 102. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА | воздржан |
| 103. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| 104. МИЛЧО ТРАЈКОВ | за |
| 105. РИСТО ТРАЈКОВ | за |
| 106. МИРКО ТРИПУНОСКИ | воздржан |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | воздржан |
| 108. РАМИ ТУДА | воздржан |

| | |
|---|---|
| 109. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | за |
| 110. СЕФЕДИН ХАРУНИ | против |
| 111. ЌЕНАН ХАСИПИ | не е тука |
| 112. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | не е тука |
| 113. СЛАВЧО ЧАПОВ | не е тука |
| 114. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | не е тука |
| 115. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | не е тука |
| 116. АРБЕН ЏАФЕРИ | не е тука |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | не е тука |
| 118. ЗОРАН ШАПУРИЌ | за |
| 119. ИСНИ ШАЌИРИ | не е тука |

**ТИОТ ПЕТКОВСКИ:**

Вкупно гласале 71 пратеник.

45 пратеника гласале за.

6 пратеника гласале против

20 пратеника се воздржани.

Констатирам дека м-р Кирил Цветановски е разрешен од функцијата претседател и судија на Основниот суд во Прилеп.

`Минуваме на 26-та точка

Предлог на одлука за огласување избор на судии во оосновните судови.

Предлог на одлуката Ви е доставен. Отворам општ претрес. Молам,кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (57)

Дали некој има против? (не)

Дали има некој воздржан? (нема)

Колку пратеници се присутни, Ве молам? (67)

Очигледно дека некој не гласал, констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судии во основните судови.

Минуваме на 27-та точка

Предлог на одлука за начинот на реализација на главниот проект за ентериери и адаптација на салите I, III и IV во Собранието на Република Македонија.

Предлогот на Одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предложи измени во член 3 во делот што се однесува на составот на членовите на Комисијата која се формира за реализација на Главниот проект со кои и јас во името на предлагачите на Одлуката се согласувам и тие се составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (не)

XII/8 .-

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за начинот на реализација на Главниот проект за ентериер и адаптација на салите I,III и IV во Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точката 28

Предлог на одлука за избор на членовите на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Скопје"- Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рак? (59)

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржани? (нема)

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Скопје" - Скопје.

Минуваме на 29-та точка

Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом – Македонски Брод.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

XII/9. -

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (54)

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Македонски Брод.

Минуваме на 30-та точка -

Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Здравствен дом "Демир Хисар" - Демир Хисар.

Предлогот на Одлуката ви е поделен, односно доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржан ? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Демир Хисар" - Демир Хисар.

XII/10.-

Минуваме на 31-та точка -

Предлогот на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Болница за душевни болести Демир Хисар.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (55)

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Болница за душевни болести - Демир Хисар.

Минуваме на 32-та точка -

Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствена станица "Железара" - Скопје.

Предлогот на Одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствена станица "Железара" - Скопје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на точка 33 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија - Охрид.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (60 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија - Охрид.

Минуваме на точката 34 –

Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Борис Канчевски" - Гостивар.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (60 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Борис Канчевски" - Гостивар.

Минуваме на точката 35 –

Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар"Кавадарци" - Кавадарци.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? ( 61 пратеник).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Кавадарци" - Кавадарци.

Минуваме на точката 36 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Велес.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? ( 60 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Велес.

Минуваме на точката 37 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Виница.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? ( 60 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Виница.

Минуваме на точката 38 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Максилофацијална хирургија - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

XIII /4. –

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? ( 58 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Максилофацијална хирургија - Скопје.

Минуваме на точка 39 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за гинекологија и акушерство "Чаир" - Скопје.

Комисијата за избори и именувше го повлече овој предлог на одлука.

Минуваме на точка 40 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом -Ресен.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? ( 62 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Ресен.

XIII/5.-

Минуваме на точката 4 3 – Предлог - одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

Комисијата за прашања на изборите и именувањата го повлече од оваа седница.

Минуваме на точката 44 – Предлог - одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври".

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? ( 62 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври".

Минуваме на точката 4 5 - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

XIII /6. –

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? ( 59 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разре-шување и именуваше претставници на Републиката во Советот на При-родно математичкиот факултет во Скопје.

Минуваме на точката 4 6 - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе при Вишата медицинска школа во Битола.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? ( 62 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разре-шување и именување претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе при Вишата медицинска школа во Битола.

Минуваме на точката 47 - Предлог на одлука за именување ви на Посебната комисија за изготвување Предлог за именување Вишата медицинска школа во Битола.

XIII /7.-

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? ( 63 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебната комисија за изготвување Предлог за именување директор на Вишата медицинска школа во Битола. .

Со оглед на карактерот на Извештајот за работата на Ко мисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнување во периодот од април 1996 до април 1997 година согласно член 70 став 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието може да одлучи да работи без присуство на јавноста со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници.

Според тоа, ние овде сега немаме такво квалификувано мнозинство. Затоа, по оваа точка не можеме да расправаме.

За денеска завршуваме. Продолжуваме утре во 11 часот.

Утре, по исцрпување на точките од дневниот ред од оваа седница ќе продолжиме со пратенички прашања.

(Седницата прекина со работа во 17,35 часот).